СЛУ
НА ФЕДЕРАТИ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032-Т-220, за огласи 1032-Т-221.

БЕЛГРАД
БРОЈ 14 ГОД. XII

платата за 1956 година изнесува 1200.— дин., а за странство 1500.— динари. — Редакција: Улица Краљевића Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продажно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.

135.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН ПЛАН ЗА 1956 ГОДИНА

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Сојузниот општествен план за 1956 година, кој го усвои Сојузната народна скупштина на седницата на Сојузниот собор од 26 март 1956 година и на седницата на Соборот на производителите од 27 март 1956 година.

ПР бр. 4
28 март 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
Моша Пијаде, с. р.

СОЈУЗЕН ОПШТЕСТВЕН ПЛАН ЗА 1956 ГОДИНА

ПРВ ДЕЛ

СМЕРНИЦИ ЗА РАЗВИТОК НА СТОПАНСТВОТО ВО 1956 ГОДИНА

1. ОПШТ ПРЕГЛЕД НА РАЗВИТОКОТ НА СТОПАНСТВОТО ВО 1955 ГОДИНА

1.

1) Во 1955 година е остварен натамошен пораст на производството во сите области на стопанството. Вкупниот општествен производ е пораснат за 10,5% спрема 1954 година, односно за 8,7% по жител. За порастот на општественото производство во 1955 година најмногу придонесоа индустриското производство, селското стопанство и развојот на сообраќајот.

2) Индустриското производство е пораснато за 16% во однос на 1954 година. Пораст во 1955 година покажуваат сите гранки без исклучок. Во гранките на базичната индустрија порастот произлегува од новите капацитети како и од проширувањето на производството во наличните капацитети. Во гранките на преработувачката индустрија поголемиот пораст на производството беше овозможен со увозот на суровини како и со подоброто користење на домашните суровински извори. Производството на потрошни стоки е пораснато за 12%.

Развитокот на индустриското производство по гранки е следниот:

	1955/1954
Производство на електрична енергија	126
Производство и преработка на јаглен	115
Производство и преработка на нафта	113
Црна металургија	131
Металургија на обоени метали*)	120
Производство на неметали	115
Металопреработувачка индустрија	116
Бродоградба	108
Електроиндустрија	128
Хемиска индустрија	133
Индустрија на градежни материјали	108
Дрвна индустрија	109
Индустрија на хартија	123
Текстилна индустрија*)	113
Индустрија на кожи и обувки*)	120
Индустрија на гума*)	112
Прехранбена индустрија*)	105
Графичка индустрија	116
Индустрија на тутун	105
Филмска индустрија	145
Вкупно индустрија	116

Позитивно дејство врз развојот на индустриското производство имаше пополното користење на амотизационите фондови и нешто подобрената, макар сé уште незадоволителна енергетска ситуација. Во 1955 година повеќе е дојдена до израз меѓусебната кооперација на домашните претпријатија, во која учествуваа и претпријатија на воената индустрија. Наспроти на ваквото движење на производството не може да се оцени како поволно движењето на запосленоста, иако тоа беше повеќе ускладено со порастот на индустриското производство отколку во 1954 година: на порастот на индустриското производство од 16% му одговараше порастот на новозапослената работна сила во индустријата од 13%.

3) Вредноста на оствареното селкостопанско производство во изминатата година беше главно рамна на производството од 1953 година која се одликуваше со поповолни атмосферски услови одошто 1955 година. Развојот на селскостопанското производство во 1955 година не може очигледно да им се припише само на атмосферските услови. Соодветен удел во тоа имаа и мерките што последните години се преземаат за побрзо унапредување на селското стопанство, како и поголемите општествени влагања.

Од мерките значително влијание имаше зголемената употреба на вештачки ѓубриња која е пораснатa од 284.000 тони во 1954 на приближно 420.000 тони во 1955 година или за 48%. Зголемено е производството и употребата на квалитетно семе од пченица и хибридна пченка, како и потрошувачката на средства за заштита на растенијата и на добиток. Организацијата на борбата против растенските и особено сточните болести беше значително подобра

*) Пресметано во Сојузниот завод за стопанско планирање врз основа на натурални показатели со примена на проширената номенклатура на пондерационите фактори на Сојузниот завод за статистика и евиденција.

*) Пресметано во Сојузниот завод за стопанско планирање врз основа на натурални показатели со примена на проширената номенклатура на пондерационите фактори на Сојузниот завод за статистика и евиденција.

к пефикасна. Формирањето на фондови за унапредување на селското стопанство и поголемите влагања овозможија пополна работа на унапредување на сточарството, на организирање на мрежа демонстрациони опити, на опремање селскостопански служби и на разни селскостопански институции и сл. При сето тоа треба да се констатира дека досегашниот развој на селскостопанското, а особено на земјоделското производство, е недостаточен со оглед на порастот на населението и на мошне брзото наголемување на сточниот фонд во последните години.

4) Во областа на сообраќајот постигнат е значително поголем обем на сообраќајни услуги отколку претходните години. Ова зголемување е карактеристично за сите гранки на сообраќајот. Додека просечниот годишен пораст на сообраќајот од 1953 до 1955 година беше 12%, во 1955 година тој пораст изнесува 15% спрема 1954 година. Совладувањето на ваквиот обем на сообраќајните услуги покажува дека досегашните инвестициони влагања за санирање, реконструкција и проширување на сообраќајните капацитети, иако постепено, веќе даваат резултати.

5) Реалниот обем на инвестициите беше за околу 3% поголем отколку претходната година. Во согласност со тоа обемот на вкупната градежна дејност е порасната исто така за 3%. Постепените промени во структурата на инвестициите се огледаат во извесно натамошно зголемување на влагањата во селското стопанство, сообраќајот и станбената изградба, со релативно опаѓање на уделот на индустриските инвестиции. Користењето на амортизационите средства порасна за 24 милијарди динари во споредба со претходната година и овозможи подобро искористување на наличните капацитети во стопанството.

6) При важното движење на производството и на инвестиционата дејност вкупното притечување на новозаслените во стопанството изнесуваше 179.000, а во администрацијата околу 15.000, така што вкупниот број на новозаслените лица беше за околу 104.000 поголем од просекот во претходната година.

2.

1) Развојот на пазарот во 1955 година стоеше главно под влијанието на истите оние фактори што и во поранешните години ги определуваа основните настани на него. Паричниот волумен на инвестициите спрема претходната година натаму се наголеми за нешто над 20 милијарди динари и го достигна износот од 420 милијарди; расходите на буџетот порасна за натамошните 7%, а приходите на населението за 37 милијарди или 17%. Вкупната куповна сила се наголеми за околу 12%, додека реалното зголемување на општествениот производ изнесува нешто над 10%. Таквите односи меѓу стоковните и куповните фондови дојдоа поостро до израз во првиот дел на годината, додека во втората половина на годината пазарот почна да се смирува.

Порастот на паричните приходи на населението беше последица на два основни моменти: а) на значителното зголемување на запослената работна сила во производството и на инвестиционата дејност поради што мошне осетно порасна вкупниот платен фонд (за околу 50 милијарди динари) и б) на натамошното зголемување на цените на селскостопанските производи, од што во поголем дел се произлезени поголемите приходи на селскостопанските производители (овие приходи порасна за 18 милијарди динари или 13%). Мерките за регулирање на паричната побарувачка на ова подрачје беа недостаточни, особено што се однесува за приходите на селото. Наплатата на даноците значително заостануваше зад порастот на паричните доходи и беше сè на сè за 1 милијарда динари поголема отколку претходната година.

2) Под дејството на такви стоковно-парични односи и во 1955 година дојде до позначителен пораст на цените. Цените на големо како на индустриските така и на селскостопанските производи порасна меѓу декември 1954 и декември 1955 година за 6%, додека цените на мало забележија пораст од 10%, во што цените на индустриските производи порасна за 8%, а цените на селскостопанските производи за 15%.

3) Напред приведените фактори влијаеа во 1955 година особено на следните три важни подрачја на стопанството:

а) Предизвикуваа пред сè неблаговремено завршување на објектите на основната инвестициона изградба, додека на друга страна наспроти планските пропорции се формираа значително поголеми средства кај локалните органи и претпријатија за нови инвестиции; б) Проширувањето на инвестиционата дејност, поврзано со ангажирањето на нова работна сила, ги нарушуваше односите во потрошувачката меѓу селото и градот. Иако вкупната лична потрошувачка реално порасна во 1955 година за околу 7% овој пораст го користеше селото, благодарејќи на дополнителните заработки во градот и на реализацијата на поголемите цени; в) Развојот на внатрешната побарувачка поосетно го попречи зголемувањето на извозот. Зголемувањето на извозот беше значително помало отколку што можеше да се очекува врз база на остварено зголемување на вкупното производство.

3.

1) Во текот на годината покрај мерките што веќе општествениот план ги предвиде, донесени се низа дополнителни мерки и акти, со цел да ја ограничат паричната побарувачка и натамошното напредување на цените со средување односите на поодделни сектори од потрошувачката. Во редот на овие мерки треба да се споменат: задолжителното полагање депозит при преземањето на инвестиции, полагањето на реалните гарантни износи, одложувањето на трошењето фондовите на претпријатијата до моментот на одобрувањето на завршните сметки, извесно поострување данокот на промет итн. Овие мерки одеа кон тоа да ги ограничат паричните средства за инвестиции, бидејќи оваа побарувачка беше особено интензивна во првите месеци на годината. Мерките од подрачјето на регулирањето на приходите на населението беа, меѓутоа, значително помали по обем и значење.

2) Обемот на краткорочниот кредит поблаго напредуваше отколку претходната година. Додека индустриското производство во 1955 година порасна за 16%, со истовременото зголемување на запаси во индустријата и трговијата, обемот на одобрените краткорочни кредити се зголеми за околу 10%. Искористените кредити меѓутоа порасна за околу 15%.

3) Ефектот на приведените мерки почна пополно да се чувствува во последното тримесечје на годината. Како две најважни нивни последици треба да се истакнат: неодамнешната појава на смирување на цените и формирањето на обртни запаси на суровини и готови производи.

Во последните месеци од годината дојде до смирување на цените. Тоа е видливо како кај цените на индустриските стоки така и кај цените на селскостопанските производи. Во ноември и декември 1955 година мируваше индексот на цените на големо на овие производи. Оваа состојба остана неизменета и во јануари 1956 година.

Рестрикцијата на куповната побарувачка овозможи извесно подобрување на обртните запаси на суровини и готови стоки спрема состојбата кон крајот на 1954 година. И покрај тоа, наличните обртни запаси останаа недостаточни. Тие во сите претходни години значително поспоро растеа од производството и прометот. Особено се истакнуваат недостаточните запаси на храна, на готови стоки за лична потрошувачка и готово на сите основни увозни суровини.

Во согласност со извршените рестрикции на потрошувачката намален е оптекот на готови пари. Паричниот оптек во декември 1955 година беше нешто понизок од нивото во истиот месец на претходната година. Тенденцијата на опаѓање на паричниот оптек е продолжена и во јануари 1956 година.

4.

1) На подрачјето на размената со странство карактеристично е во 1955 година побрзото темпо на

порастот на текуштите девизни расходи од темпото на порастот на сопствените девизни приходи. Додека сопствените девизни средства пораснаа за 11%, а во тоа извозните приходи за околу 7%, текуштите девизни расходи зголемени се за 23%. Отаде дефицитот на текуштиот платен биланс (без увозот на опрема и без увозот за резерви) се зголеми од 13,4 милијарди во 1954 година на 26,5 милијарди динари во 1955 година, а вкупниот дефицит од 35 на 57 милијарди. Причините за оваа појава се наоѓаат на една страна во недостаточниот пораст на извозот, а на друга во значителното зголемување на вкупниот увоз.

2) Несреденот пазар ги попречуваше напорите кон поосетно зголемување на извозот. Порастот на индустрискиот извоз беше значително помал од порастот на обемот на индустриското производство. Извозот на традиционални индустриски производи постепено се намалува, а за новите производи што ги дава новоизградената индустрија потребно е извесно време за да се афирмираат пополно на странскиот пазар. Значителното зголемување на внатрешниот пазар исто така побитно влијаеше врз развојот на извозот намалувајќи ги стоковните вишоци за размена со странство. Во недостаточното зголемување на извозот се рефлектира и релативно спорото напредување на селскостопанското производство. Поради тоа извозните количини на селскостопански производи останаа главно непроменети во 1955 година.

3) Недостаточното селскостопанско производство има уште поголемо влијание врз самиот увоз. Вкупниот увоз во претежен дел е зголемен поради увозот на храна, кој во 1955 година за близу 11 милијарди динари е поголем отколку во претходната година. Со тоа главно е предизвикано и позначително зголемување на дефицитот во текуштата размена со странство. Во исто време се зголеми и увозот за репродукција и за текушто одржување.

5.

Општиот преглед на развитокот на стопанството во 1955 година покажува дека во сите стопански области и дејности е остварен натамошен и значителен подем. Во тоа особено се истакнува брзиот напредок на индустриското производство, кое во оваа година достигна досега најголема норма на годишниот пораст. Но и во 1955 година дојдоа до израз оние неускладеності во нашето стопанство што во поранешните години го следеа развојот на производството и пазарот. Тие се манифестираа пред сè во нестабилното движење на цените и во нерамномерниот развој на поодделни видови потрошувачка, во несразмерниот пораст на потрошувачката на село и во зголемениот дефицит на платниот биланс. Меѓутоа, благодарејќи на поопсежните мерки што во меѓувреме се преземени, крајот на годината доведе до извесно смирување на пазарот и до нормализирање на понудата и побарувачката.

II. ОСНОВНИ ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ НА СТОПАНСКИОТ РАЗВОЈ ВО 1956 ГОДИНА

Развојот на стопанството во 1956 година ќе го карактеризираат следните основни моменти:

1. Подемот на индустриското производство ќе се продолжи и во 1956 година. Тој ќе биде овозможен со пуштање во погон на нови капацитети, со пополно користење на домашните суровински извори, а особено на оние во селското стопанство по една родна година, со соодветен увоз на суровини и на други репродукциони материјали. Во вкупното зголемување на индустриското производство позначително ќе порасте производството на стоки за лична потрошувачка, благодарејќи на подоброто користење и одржување на капацитетите на преработувачката индустрија.

Резултатите од досегашните влагања и зголемувањето на овие влагања во 1956 година, пошироката употреба на агротехничките мерки, на установите на фондовите наменети за непосредно и посредно унапредување на селскостопанското производство, проширувањето и подобрувањето на стручните служби за помош на селското стопанство како и зајакнувањето на селскостопанските организации и зголемената активност на задругите, ќе придонесат обемот на селскостопанското производство, со нормални атмосферски услови, да биде на поголемо ниво од просечното производство во последните три години. Со оглед на тоа општествениот план смета со производство што ќе биде на нивото од 1953 односно 1955 година.

2. На подрачјето на надворешната трговија се истакнуваат два моменти: зголемувањето на извозот и значителниот увоз на храна со зголемениот увоз на готови стоки за лична потрошувачка. Зголемувањето на извозот претставува важен предуслов за развој на стопанството во 1956 година. Со него ќе треба, помеѓу другото, да биде покриен увозот на суровини и на репродукциони материјали заради успешен развој на индустријата. База на зголемениот извоз ќе претставува значителниот пораст на индустриското производство и мерките за ограничување на внатрешната потрошувачка (на инвестиционата и на општоопштествената потрошувачка). Увозот на храна и на готови индустриски стоки овозможува пополно билансирање на внатрешните потреби и претставува една од важните мерки за средување на пазарот. И покрај зголемувањето на извозот дефицитот на платниот биланс ќе остане и во 1956 година значителен поради обемен увоз на храна.

3. Средствата за вкупни инвестиции се предвидуваат на значително пониско ниво отколку во претходната година. Особено поосетно се намалуваат средствата за инвестиции во индустријата. Намалувањето на овие средства ја наметнува потребата од продолжување срокот за изградба на некои објекти чие одлагање во помала мерка ги погаѓа основните биланси. Примената на реконструкции и рационализации, особено во производството за извоз и во областа на преработувачката индустрија, ќе се потпре делум на користењето на странски кредити. Со тоа во извесна мерка ќе биде овозможена промена на структурата на индустриските инвестиции.

Заради консолидирање приликите во стопанството во 1956 година ќе се успори порастот на буџетската потрошувачка. Буџетските издатоци ќе бидат нешто поголеми отколку во претходната година.

4. Обемот на запосленоста ќе остане главно непроменет и при повисокото ниво на производството и на прометот поради намалување на инвестициите и можноста за порационално користење на наличната работна сила во стопанството. Новите капацитети ќе можат работната сила да ја користат главно не зголемувајќи го општото ниво на запосленоста.

5. Личната потрошувачка на селото ќе се доведе повеќе во согласност со порастот на производството и на реалниот доход во селското стопанство. Зголемените приходи на селото ќе се усмерат со еден дел на влагања во селскостопанското производство. За овие цели на селото ќе му стојат на располагање поголеми количини на инвестициони стоки и на средства за репродукција. Со даночните форми еден дел од приходите ќе биде директно каналисан на вложување за развој на земјоделството и на селското стопанство воопшто.

6. Расподелбата на општествениот производ и на националниот доход ќе овозможи зголемување на обртните запаси во стопанството. Ке се зголемат како обртните запаси на готови стоки за лична потрошувачка така и на опрема и на други производи за репродукциона потрошувачка. Ќе се создаде и почетна девизна обртна резерва со цел да помогне за унапредување на извозот, односно за израмнување на нерамномерната динамика на притечувањето и истечувањето на девизните средства.

7. Приведените моменти ќе ја сочинуваат основната карактеристика на стопанскиот развој во 1956 година. Тие се управени на натамошно проширу-

вање на материјалната база на пазарот (зголемување на производството, на увозот на храна и на готови стоки итн.), односно на поцврсто регулирање на внатрешната потрошувачка, особено од подрачјето на инвестиционата, буџетската и селската потрошувачка. Од тоа треба да произлезе пополно ускладување на основните односи во расподелбата на националниот доход, смирување на пазарот и постепена стабилизација на стопанските прилики. Тоа ја сочинува суштината и битната задача на стопанската политика во 1956 година.

8. Смирувањето на пазарот и другите порано приведени мерки ќе го обезбедат зацврстувањето на животниот стандард на градското население, посебно на работниците и службениците во градовите и индустриските населби, со тенденција на постепено подобрување во текот на годината. Тоа претставува втора основна цел на економската политика во текуштата година.

9. Во 1956 година ќе се спроведат во живот извесни новини во стопанскиот систем во правецот на поцелесообразно регулирање расподелбата на добивката на претпријатијата. Овие промени во системот треба да го поддржат урамнотежувањето на стоковно-паричните односи во согласност со општиот курс кон стабилизација на пазарот.

ГЛАВА I

ВКУПЕН ОПШТЕСТВЕН ПРОИЗВОД

Порастот на општата стопанска активност ќе овозможи натамошно реално зголемување на вкупниот општествен производ во 1956 година. Се предвидува дека движењето на општествениот производ, изразено во исти цени, односно во индекси на реалниот обем, ќе биде следното:

	1953	1954	1955	1956	1956/1955
Вкупен општествен производ	100,0	103,1	114,0	118,8	104,3
Општествен производ по жител	100,0	101,5	110,3	113,1	102,5

Зголемувањето на вкупниот општествен производ произлегува во најголем дел од порастот на индустриското производство, потоа од поголемата активност на сообраќајот, на трговијата и на занаетчиството. Обемот на градежништвото ќе опадне поради намалувањето на инвестиционата дејност, додека за селскостопанското производство се очекува дека ќе биде главно на нивото од 1955 година. Како резултат на такви предвидувања се јавува пораст на вкупниот општествен производ. Порастот на општествениот производ во 1956 година ќе биде за околу 2,5% над порастот на населението.

Успешното користење на значителни внатрешни резерви во стопанството би можело порастот на општествениот производ да го направи и поголем од овие предвидувања. Поради тоа напорите за зголемување продуктивноста на трудот добиваат многу во значењето токму во 1956 година. Потребите од стабилизација на стопанството бараат пошироко активирање на наличните резерви заради остварување на што поголемо ниво на националното производство.

ГЛАВА II

ИНДУСТРИЈА

1.

Развојот на индустриското производство во 1956 година се заснова врз новите капацитети што ќе започнат со работа во оваа година, потоа врз пополното користење на производните можности во екстрактивната индустрија, врз поголемото и подоброто користење на домашните суровини и полуфабрикати од внатрешната кооперација, врз побрзиот развој на преработувачката индустрија, при што во целата индустрија се смета со порационална употреба на електрична енергија и на гориво.

Врз унапредувањето на индустриското производство посебно ќе делуваат следните моменти:

а) користењето на амортизационите средства за редовно одржување на капацитетите, потоа примената на помали реконструкции и рационализации со брз производен ефект со деломично користење странски кредити за набавка на опрема што не се произведува во земјата; процесот на реконструкцијата ќе биде потпомогнат и со поголема ориентација на домашната машинска индустрија кон производство на опрема и машини што овозможуваат реконструкции и рационализации;

б) проширувањето на степенот на кооперацијата и на копродукцијата на индустриските претпријатија, сметајќи ги овде и претпријатијата на воената индустрија, со цел за освојување ново производство и за зголемување на производството на потрошните добра;

в) смирувањето на пазарот ќе делува постепено во правецот на поголемо штедење, на поекономична организација и подобро снаоѓање на претпријатијата на пазарот;

г) поеластичното наградување ќе овозможи одделните напори во правецот на зголемување на продуктивноста на трудот, на порационална организација и др. подобро и поадекватно да се наградат;

д) стабилизирањето на условите за набавка на увозни суровини ќе делува исто така поволно врз развојот на индустриското производство, како и зголемениот увоз на суровини за преработувачката индустрија.

За развојот на индустриското производство ќе биде од значење зголемувањето на средствата за стручно образование на кадрите во стопанството. За таа цел на фондот за унапредување на кадри ќе му стојат на располагање поголеми средства отколку во претходната година.

2.

Тргнувајќи од постигнатите резултати во претходните години и од анализата на можностите на производството, на извозот и увозот и на општата состојба на платниот биланс, се предвидува општ пораст на индустриското производство во 1956 година за 10% спрема постигнатото производство во 1955 година. Поблагиот пораст на индустриското производство спрема претходните две години е резултат од ограничените можности за увоз на репродукциони материјали, а делум и од потребата да се постигнат извесни промени во структурата на производството и на потрошувачката во оваа година.

Се предвидува следното зголемување обемот на производството:

Индекси на вкупното индустриско производство.

	1952	1953	1954	1955	1956
Базични индекси	100	111	126	147	161
Ланчени индекси	100	111	114	116	110

3.

Врз база на прикажаниот пораст на индустриското производство може да се очекува следниот пораст на обемот на индустриското производство по гранки:

	Индекси на физичкиот обем на индустриското производство 1955/1954	1956/1954	1956/1955
Производство на електрична енергија	126	148	118
Производство и преработка на јаглен	115	122	106
Производство и преработка на нафта	113	132	117
Црна металургија	131	153	121
Металургија на обоени метали*)	120	132	110
Производство на неметали	115	138	120
Металопреработувачка индустрија	116	116	100
Бродоградба	108	108	100

*) Пресметано во Сојузниот завод за стопанско планирање врз основа на натурални показатели со примена на проширената номенклатура на пондерационите фактори на СЗСЕ. Индексите се заокружени на цели броеви.

	Индекси на физичкиот обем на индустриското производство		
	1955/1954	1956/1954	1956/1955
Електроиндустрија	128	156	122
Хемиска индустрија	133	159	119
Индустрија на градежни материјали	108	115	107
Дрвна индустрија	109	116	106
Индустрија на хартија	123	162	132
Текстилна индустрија*)	113	123	109
Индустрија на кожи и обувки*)	120	126	105
Индустрија на гума*)	102	110	108
Прехранбена индустрија	106	116	111
Графичка индустрија	116	116	100
Индустрија на тутун	105	112	107
Филмска индустрија	145	182	125
Вкупно индустрија:	116	127	110

За разлика од 1955 година се предвидува во 1956 година непроменет обем на производството на металопреработувачката индустрија поврзано со намалувањето на волуменот на инвестициите во индустријата. Со преориентација на еден дел капацитети на поголемо производство за извоз и на производство на предмети за лична потрошувачка оваа индустрија може да оствари поголемо производство од предвиденото. Тоа едновремено ќе стори можност и за зголемување на производството во црната металургија. Производството на бродоградбата исто така се предвидува на нивото од 1955 година поради ограничувањето на увозот што го наметнува платниот биланс. Со проширувањето на извозот ќе може и бродоградбата да го зголеми производството, со оглед на тоа дека ова производство веќе се афирмира на странскиот пазар.

Енергетскиот биланс и покрај порастот на производството во сите енергетски гранки ќе остане во 1956 година напрегнат. Тоа наметнува потреба од порационална употреба на гориво и на електрична енергија.

Увозот на суровини и на други репродукциони материјали за индустријата се зголемува во помал размер отколку вкупното индустриско производство поради пополното задоволување на внатрешните потреби со домашно производство.

4.

Во структурата на индустриското производство се предвидуваат во 1956 година извесни поместувања врз база на промените што ќе настанат во расподелбата на националниот доход и во структурата на инвестициите. Тие поместувања се гледаат од следниот преглед што ја прикажува индексно структурата на производството по основни категории на намената:

	Индекси на индустриското производство според категории на намената		
	1955/1954	1956/1954	1956/1955
Вкупно индустриско производство	116	127	110
Во тоа:			
Производство за лична потрошувачка	110	121	110
Производство на опрема и на други инвестициони материјали	112	117	104
Производство на репродукциони материјали	120	134	112

Структурата на производството ќе ја карактеризираат натамошниот значаен пораст на производството на предмети за лична потрошувачка и помалиот пораст на производството на опрема и на други инвестициони материјали. Во областа на производството на потрошни добра се очекува проширување на асортиманот, особено во производството на металопреработувачката индустрија и на електроиндустријата. Во машинската индустрија се предвидува зголемување на производството на опрема за реконструкција на капацитетите на преработувачката индустрија, потоа на машини и орудија за селското стопанство, како и зголемување на производството на сообраќајни средства, за сметка на опремата за досегашната основна инвестициона изградба. Производството на репродукциони и други материјали што не е опфатено во горниот преглед ќе биде нешто поголемо од вкупниот пораст на индустриското производство.

5.

Во 1956 година се смета со пуштањето во погон на следните поважни капацитети: 200 MW*) генераторска сила за производство на електрична енергија; 155.000 тони кокс врз база на увозниот јаглен; 330.000 тони преработка на сурова нафта; 100.000 тони челик; 247.000 тони валјани производи на црната металургија; 12.000 тони електролитен цинк; 8.200 тони валјани производи на алуминиум; 270.000 тони цемент; 20.000 тони силико-производи; 4.000 тони термо-изолациони тули; 50.000 тони сумпорна киселина; 24 милиони м² памучни и цел-тканини; 3 милиона м² волнени тканини; 1,8 милиони м² свилени тканини. Бидејќи овие капацитети ќе бидат пуштени во погон во текот на 1956 година, во Општественото план само деломично се смета со нивното производство.

Со подобро економисување и порационална организација на работата бројот на новозапослени лица во индустријата ќе треба многу помалку да порасте во споредба со порастот на производството.

ГЛАВА III
СЕЛСКО СТОПАНСТВО

1.

За понатамошниот развој на селскостопанското производство во 1956 година ќе придонесат:

а) пошироката и помногустрана примена на агротехничките мерки;

б) проширувањето на мерките за унапредување на сточарството;

в) извесно зголемување на обемот и пополното усмерување на вложувањето во селското стопанство;

г) подобрувањето на организацијата на пазарот на селскостопански производи; зголемувањето на расположивите количини производи за инвестиционите потреби на селото;

д) пошироката и посистематска организација на спроведувањето на мерките за унапредување на селското стопанство со натамошно зајакнување на стручните селскостопански служби.

Развојот на селскостопанското производство ќе се врши низ натамошно развивање и зајакнување на социјалистичките односи на селото кои преку зголемена активност и натамошен развој на задружните организации и на селскостопанските добра треба да станат во уште поголема мерка одлучувачки фактор за унапредување на селското стопанство.

2.

Поширока примена на агротехничките мерки ќе се обезбеди со поголемо производство и со увоз на вештачки ѓубриња, потоа со поголемо производство на квалитетно семе, на средства за заштита на растенијата и на добитокот, на средства и орудија за работа во селското стопанство, итн.

Потрошувачката на вештачки ѓубриња врз база на домашното производство и на увозот се предвидува дека ќе изнесува во однос на претходните години (во тони):

*) Пресметано во Сојузниот завод за стопанско планирање врз основа на натурални показатели со примена на проширената номенклатура на пондерационите фактори на СЗСЕ. Индексите се заокружени на цели бројеви.

*) Само централите од општиот енергетски систем.

	1953	1954	1955 (процена)	1956 (предвидување)
азотни ѓубриња	41.200	105.400	145.000	220.000
фосфорни ѓубриња	44.200	144.100	225.000	300.000
калиумови ѓубриња	22.600	33.700	50.000	65.000
вкупно:	108.000	283.200	420.000	585.000
по ха на селскостопанска површина кг	7,5	19,5	29,0	40,0

За зголемување на производството е потребно да се искористат постигнатите разултати и уште потаму да се зголеми производството на квалитетно семе како и расположивите количини на средства за заштита на растенијата од домашно производство и од увозот.

За подобро снабдување на селското стопанство со орудија за работа и со механизација предвиден е во 1956 година пораст на ова производство за околу 12%. Бројот на тракторите од домашно производство ќе се зголеми на 2.100 парчиња, а врз база на странски кредити ќе треба да се увезат исто така поголем број трактори и други земјоделски машини. Со подигање најнужен број ремонтни работилници и машински сервиси ќе треба да се подобри организацијата на употребата и на одржувањето на наличната селскостопанска механизација. За тие цели треба да се обезбедат соодветни кредити.

Поради потолеми количини расположиви средства за селскостопанско производство се предвидува да се зголеми височината на регресот од 13,6 милијарди, колку што било одобрено во 1955 година, на 17,3 милијарди динари.

3.

Развојот на сточарството ќе биде потикнат со натамошно проширување мерките за неговото унапредување. Со средствата од фондовите за унапредување на селското стопанство ќе треба пред се' да се прошири матичното книговодство и селекцијата на добитокот, поефикасното сузбивање и локализирање на сточните болести и зарази, вештачкото осеменување, меринизацијата, и производството и набавката на квалитетен приплоден добиток.

Мерките за подобрување крмната база управени се на зголемување на сегашната ниска продуктивност на добитокот. За таа цел, покрај другото, со средства од локалните фондови ќе треба да се пристапи кон мелиорација на селските и планинските пасишта. Со продолжување забраната на извозот на концентрати ќе остане во земјата расположива квалитетна храна за добиток.

4.

За натамошен развој на селскостопанското производство се предвидува зголемување на инвестиционите вложувања од кредитните фондови, амортизацијата и сопствените средства на селскостопанските организации. Обемот на овие вложувања во 1956 година ќе изнесува вкупно 26.000 милиони динари, што значи пораст од околу 19% спрема опфатот на извршувањето на инвестициите во 1955 година.

Од кредитните фондови ќе се финансираат инвестициите во механизацијата, во мелиорациите, во економските објекти и во објектите за преработка и чување на селскостопански производи и др.

Средствата од Општиот инвестиционен фонд за овие цели ќе изнесуваат во 1956 година 15.800 милиони динари спрема 12.000 милиони динари, колку што се проценува извршувањето во 1955 година, што претставува зголемување од 2.800 милиони динари или 20%. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се обезбедат средства за продолжување на веќе започнатите работи, во што мелиорационите работи заземаат најважно место. Со оглед на тоа дека вложувањата по поранешните обврски ќе ангажираат поголем дел од средствата на овој фонд (околу 9.500 милиони динари), од преостанатиот дел ќе се осигураат сразмерно помали средства за нови инвестиции, и тоа: за набавка на механизација, за реконструкција и обнова на системите за одводување, за изградба на ремонтни работилници, сушари за пченка, итн.

Средствата на локалните кредитни фондови за селско стопанство позначително се зголемени и ќе изнесуваат вкупно околу 5.700 милиони динари спрема околу 2.500 милиони динари во 1955 година. Овие фондови ќе се формираат од дел на данокот на доход и од земјарина. Со средствата на фондовите ќе треба да се осигурат вложувања во поевтини инвестиции со брз ефект врз производство, како што се: разни додатни инвестиции во помали реконструкции кај селскостопанските организации, помали локални мелиорации, помали објекти за преработка, подигање овошници и лозја и сл. Во рамките на определената инвестициона политика овие фондови ќе можат со партиципација ефикасно да влијаат и врз усмерување на сопствените средства на селскостопанските организации.

5.

Од буџетските фондови ќе се финансираат општите мерки и акциите за унапредување на селскостопанското производство. Се предвидува дека средствата на овие фондови во 1956 година ќе изнесуваат околу 8.000 милиони динари, спрема околу 5.400 милиони динари колку што имало расположиви во 1955 година.

Со средствата од сојузниот фонд за унапредување на селското стопанство ќе се финансираат пред се' производството и селекцијата на квалитетно семе од жита и од индустриски растенија, селекцијата на добитокот, меринизацијата на овци, потоа поважните научно-истражувачки работи, специјализацијата на кадрите и др. Републичките и околиските фондови ќе се употребуваат пред се' за изведување пошироки акции против растениските и сточните болести и штетници, за спроведување на вештачко осеменување, за производство на квалитетен посадочен, приплоден и извесен семенски материјал, за организирање на демонстрациони опити и сл. Средствата на републичките и околиските фондови ќе служат во добар дел и за изградба и опрема на разни селскостопански служби.

На целите за унапредување на селското стопанство ќе им служат исто така и директните и индиректните вложувања од општинските инвестициони фондови. Од овие фондови ќе се врши вложување во помали локални мелиорации, во уредување на поила, во подигање и оспособување на селскостопанските служби, во уредување на ливади и пасишта и сл., како и во други цели што посредно ќе имаат ефект врз селскостопанското производство.

За работите на регулација и на одбрана од поплави на Дунав, Сава, Тиса, Драва и Мура, што ќе се финансираат од средствата на сојузниот фонд за води, предвиден е износ од 1.500 милиони динари. За финансирање на уредувањето на порои и на работите на регулација и одбрана од поплави на други реки ќе се формираат посебни фондови за води.

6.

Меѓу мерките за средување на пазарот на селскостопански производи важно место ќе заземе постепеното преземање откупот на селскостопански производи од страна на задругите, потоа организацијата на кванташки пазари и слично. За спроведување на пазарите ќе придонесува и постепената изградба на секундарни патишта што ќе се врши од општинските фондови за патишта и од самопридонесите, како и подобрата опременост на овој промет со транспортни средства.

Во 1956 година може да се очекува натамошно подобрување условите во размената со селото врз база на поголеми стоковни фондови наменети на неговите потреби. Со предвиденото производство на градежни материјали и со стеснувањето на градежната дејност ќе бидат обезбедени поголеми количини производи важни во селската потрошувачка.

7.

Спроведувањето на предвидените мерки за унапредување на селскостопанското производство ќе треба да се врши преку координирана акција на сите фактори што делуваат во оваа област, како што се задружните организации и задружните сојузи, селскостопанските комори, стручните селскостопански служби, здруженијата на селскостопанските добра и др.

а) Во 1956 година ќе се вложат поголеми напори за оспособување на земјоделските задруги како фактори за унапредување на селскостопанското производство и за социјалистичка преобразба на селото. Ќе се создадат нови можности за формирање на позначителна задружна акумулација и за поголеми вложувања во проширена репродукција.

Од расположивите средства задругите ќе можат на поширока основа отколку досега да формираат и подигаат разни услужни и производни погони, да ги прошируваат работите околу селекција на добитокот, меринизација на овците, мелиорација на пасиштата, производство на квалитетно семе, оснивање расадници итн. И оваа активност на задругата треба да биде заснована со цел за зајакнување на задружните фондови. Во таква улога задругата уште во поголема мерка треба да се јавува не само како фактор за општото унапредување на производството туку и како фактор за зајакнувањето на социјалистичките односи на селото и на општествените средства за производство.

б) За успешно спроведување на порано наведените мерки ќе треба во 1956 година понатаму да се развиваат разни стручни селскостопански служби, од научен, производен и услужен карактер. Овие служби ќе треба да остварат што потесна соработка со земјоделските задруги, со селскостопанските добра и со други селскостопански организации заради примена на современите технички постапки и мерки во селскостопанското производство.

в) Производната функција на селскостопанските добра и на селанските работни задруги во смисла на поголемо пазаришно производство во 1956 година ќе биде поттикната со новиот начин на расподелба на вкупниот приход. Во оваа расподелба формирањето на платниот фонд се прави исклучиво зависно од обемот на производството и од зголемувањето на продуктивноста на трудот. Во 1956 година исто така селскостопанските добра, врз база на договарања, ќе ја зајакнат својата улога во производството на квалитетно семе, на квалитетен приплоден добиток, на посадочен материјал итн.

8.

Под претпоставка на просечна година и врз база на досегашните резултати и на натамошното спроведување во живот на напред наведените мерки и акции, се очекува дека вкупното производство во 1956 година ќе биде за 6% поголемо од остварениот просек во периодот 1953/55 и дека ќе се движи на нивото на достигнатото производство во 1955 година. Земјоделското производство се предвидува на нешто потолемо ниво отколку во 1955 година, главно поради очекуваното поголемо производство на жита (пченка, јачмен и овес) до кое ќе треба да дојде врз база на поширока примена на агротехничките мерки. Меѓутоа, во производството на оштарството и лозјарството се очекуваат, поради периодичноста на родот, значително пониски приноси. Во сточарство се предвидува пораст на производството за 7% поради прирастот на сите видови добиток во последните години и поради сразмерно поповолните услови за исхрана.

9.

Даночната политика спрема индивидуалните селскостопански производители во 1956 година е пресметана на тоа поцелосно да влијае врз расподелбата на паричните доходи на овие производители. Во 1956 година се предвидува зголемување на наплатата на основниот данок на доход на 31 милијарда динари спрема 28,5 милијарди во 1955 година. Во исто време се воведува задолжителен локален данок, со минимална норма од 3% од даночната основица, така што вкупниот данок на доход во 1956 година ќе треба да изнесува 36 милијарди динари.

Во 1956 година ќе треба порамномерно да се распоредат даночните давања на одделни категории земјоделски стопанства. За таа цел се постава распон на даночните норми, заедно со задолжителниот локален данок, од 13% до 47% од даночната основица, спрема распонот од 9% до 56% во 1955 година. На друга страна треба во иста цел да делува воведувањето на разни такси на имот, како и овластувањата на народните републики и околиите да ја регулираат нормата на задолжителниот локален данок. Наличните даночни олесненија остануваат во сила во 1956 година.

Овие давања ќе се употребат главно за формирање на фондови на селското стопанство, односно на општински инвестициони фондови, и треба да му послужат првенствено на натамошниот развиток на селскостопанското производство.

ГЛАВА IV
ШУМАРСТВО

1.

Во 1956 година со средствата од Фондот за унапредување на шумарството и со средствата на шумските стопанства ќе се обезбеди ист обем на работите на пошумување, обнова, заштита, уредување и општо унапредување на шумите како во претходната година. Од тие средства особено ќе се преземаат следните мерки:

— натамошна изградба на шумски комуникации, особено во неотворени шуми;

— систематска и поширока работа на подигање тополови шуми и тополови дрвја надвор од шумите, со цел во што покусо време да се подигне општата производна способност на шумите;

— поширока и поорганизирана активност на внесување иглолисни дрвја во буковите шуми;

— утврдување прирастот на шумите и почеток на поширокото инвентарисање на шумскиот фонд според единствениот метод, со организирање на соодветна служба за тоа, а со цел за изработка на долгорочна основа за развојот на шумското и дрвното стопанство.

Шумските стопанства посебно од своите приходи ќе го обезбедат редовното одржување на шумите, а особено работите на мелиорацијата на шикарите и на другите упропастени шуми, на негата, заштитата и уредувањето на шумите.

Средствата од Фондот за унапредување на шумарството треба да се усмерат на изградба на шумски комуникации, на пошумување со тополи и на други економски пошумувања, на подигање на шумски згради, на прво место на чуварници. При тоа, заради обезбедување на планот за сеча во 1956 година и на рамномерното движење на шумската експлоатација во наредните години, од Фондот за унапредување на шумарството првенствено ќе мораат да се обезбедат средства за градба на шумски комуникации.

Се предвидува во 1956 година можност народните републики да воведат придонес од индивидуалните сопственици на шуми за Фондот за унапредување на шумарството, од кој би се преземале мерки и акции за унапредување на овие шуми во вид на давање семенски и посадочен материјал, на давање стручна помош во нега и заштита итн.

2.

Предвидената сеча во шумите на општонародниот имот во височина од 11 милиони $м^3$ бруто маса во 1956 година ќе биде приближно на нивото на остварената сеча во 1955 година. При тоа сечата во однос на претходните години се намалува за 28% и тоа првенствено селанската и ситната локална сеча. Бруто масата за потребите на дрвната индустрија, на извозот и за репродукциона потрошувачка треба да порасте за околу 2,5%, а нето масата поради подобро искористување на суровини во експлоатацијата на шумите за околу 5,5%. Производството на индустриско и техничко дрво би се зголемило

по тој начин во 1956 година за околу 500.000 м³ во однос на 1955 година.

Во поглед на структурата на шумското производство ќе биде карактеристично неговото натамошно поместување во корист на лисјарите. Додека обемот на вкупното производство на иглолисни дрвја расте незначително, главно на база на подоброто користење на соборената маса, производството на лисјарски сортименти ќе порасте за околу 15%, при што особено на трупци, на јамско и целулозно дрво, како и на клучни сортименти на шумското производство на лисјари.

Во производството на иглолисни дрвја ќе дојде до извесно намалување на производството на иглолисни трупци и до пораст на производството на иглолисно целулозно дрво за околу 16% заради задоволување на суровинските потреби на новоподигнатите фабрики за целулоза и хартија во Босна и Словенија.

3.

Со цел за осигурување на предвиденото обем на сечите и на структурата на производството, народните републики ќе извршат распоред на сечите по одделните шумско-стопански подрачја. За пополно искористување на наличните резерви и за извршување на предвиденото шумско производство ќе придонесе и можноста за експлоатација на шумите во режија на шумските стопанства, на што овие стопанства ќе бидат посебно стимулирани.

За да се одржи предвиденото распоред на сечите по подрачјата и за да се спречи прекумерното искористување на сечините, како и за уште повеќе да се зацврсти службата на заштита на шумите од бесправни сечи, нужно е воведување односно натамошно зајакнување на шумарската инспекциска служба на народните републики и околиите и на шумарската служба, на шумските стопанства, на околиите и на општините.

ГЛАВА V
СООБРАЌАЈ

1.

Зголемувањето на обемот на сообраќајните услуги се предвидува во согласност со порастот на производството и на прометот во 1956 година. При тоа се очекува дека предвидените измени во структурата на производството и во обемот и структурата на инвестициите ќе влијаат врз обемот и структурата на транспортот.

Географското проширување на надворешнотрговските врски ќе делува на натамошно продолжување на просечниот пат во превезувањата на извозни и увозни стоки и во 1956 година.

Порастот на транзитот од подунавските земји преку нашата територија и нашите луки што се манифестира во 1955 година, може да се очекува дека ќе се продолжи и во 1956 година.

Врз база на зголемувањето на производството и на стоковниот промет и на оценката на натамошниот пораст на патничкиот транспорт, се предвидува следното зголемување на физичкиот обем на сообраќајот:

	Индекси		
	1954/1953	1955/1954	1956/1955
Вкупен сообраќај	109	118	104
— стоковен сообраќај	108	120	104
— патнички сообраќај	111	115	103
— ПТТ сообраќај	107	111	107
Во тоа:			
— железнички сообраќај	109	118	103
— поморски сообраќај	102	119	103
— речен сообраќај	138	105	108
— воздушен сообраќај	120	143	105
— патен сообраќај	117	119	111

2.

Натамошниот развој на сообраќајот ќе се обезбеди со продолжување на инвестиционата изградба со изменетата структура на вложувањата. Инвестициите во сообраќајот треба да се усмерува во 1956 година во прв ред на непосредно зголемување на превозната моќ во сите сообраќајни гранки. Структурата на инвестициите се менува во правецот на намалување на новоградби и на градежни работи воопшто, додека се зголемува замената, реконструкцијата и одржувањето на наличните средства, а особено на опремата.

Во сите гранки на сообраќајот се предвидува натамошно постепено проширување на капацитетите со набавка на нова опрема и со изградба на најнужни градежни објекти.

Заради подобро одржување и замена на наличните сообраќајни средства се предвидува полно користење на амортизационите фондови во сите сообраќајни гранки, со што обемот на финансирањето на инвестициите од амортизационите фондови се зголемува во однос на 1954 година за 22% а во однос на 1955 година за 3,5%.

Во железничкиот сообраќај се предвидува поправка на 8.000 неисправни товарни вагони повеќе отколку во 1955 година, како и набавка на извесен број нови вагони и локомотиви од домашно производство. Освен тоа постои можност врз основа на кредитни аранжмани со странство да се набави извесна количина на товарни и патнички вагони, како и на патни возила.

3.

Во 1956 година се очекува да се пуштат во сообраќај: железничката пруга Ресник—Вреоци, три нови прекуокеански брода и еден од три големи бродови за патнички сообраќај, како и неколку помали единици со вкупно 21.840 БРТ, и најпосле, ултракраткобранови телефонски врски на релацијата Белград—Загреб.

4.

За непречено вршење на поморски, речен и воздушен патнички сообраќај се предвидува давање дотации од сојузниот фонд за регреси на претпријатијата за патнички сообраќај во овие гранки во износ од 1.655 милиони динари.

ГЛАВА VI
ГРАДЕЖНИШТВО

1.

Намалувањето на општиот обем на инвестициите ќе повлече по себе стеснување на градежната дејност во 1956 година. Се предвидува дека обемот на градежничката дејност ќе изнесува:

	1955/1954	1956/1954	1956/1955
Во општоопштественото сектор	99	83	84
Во задружната и во индивидуалната градба	127	170	134
Вкупно:	103	93	91

Намалувањето на градежната активност ќе има за последица стеснување бројот на запослените во оваа област, особено на сезонската работна сила од селото. Тоа ќе овозможи подобро користење и поголема концентрација на градежната механизација, како и подобра организација и поголема продуктивност на трудот.

2.

Со цел за поинтензивен развој на градежништвото и за поголема ефикасност на градежната оператива се предвидуваат за 1956 година следните мерки:

а) зголемување на механизацијата со набавка на машини од домашно производство и од увозот првенствено за потребите на високоградбата и на градежното занаетчиство;

б) намалување на употребата на граѓа во градежните конструкции со постепено потиснување на сегашните методи на изградба на меѓукатни и други конструкции и со сукцесивно воведување помодерни конструкции;

в) модернизација на наличните и развој на нови капацитети и уреди за производство, за рационализација и за преработка на разни индустриски и други отпадоци со цел за поинтензивно штедење и за замена на дрвото;

г) вложување средства за пополно снабдување на градежните претпријатија со опрема и инвентар, како што се железни скели, носачи и железни оплати или оплати од шпер-плочи, за поинтензивно штедење на граѓата што сега се троши за тие цели;

д) модернизација на производството на тули со вложување средства во изградбата на природни и вештачки сушилници, со уредување и механизација на внатрешниот транспорт во туларската индустрија и со подигање на помали постројки за зголемување на производството на шупливи тули.

Производството на материјали за градење и на производи за вградување, какво по обемот и структурата се очекува во 1956 година, треба да го олесни преминот на помодерни методи за градење, особено во високоградбата и во областа на одржувањето на наличните објекти.

ГЛАВА VII

ТРГОВИЈА И УГОСТИТЕЛСТВО

1.

Мерките за регулирање на пазарот што се донесени во претходната година ќе се спроведуваат со засилен интензитет и во 1956 година.

Со цел за поефикасно спроведување на овие мерки ќе се зајакне улогата и организацијата на државните инспекциски органи и ќе се поттикне поширока општоопштествена контрола над работата на трговските претпријатија и дуќани.

2.

Во поглед на надворешната трговија ќе се зајакнат веќе преземените мерки за пополна специјализација на надворешнотрговските претпријатија, со примена на построги услови и критериуми за нивното работење, како и напорите за координирање работата на овие претпријатија на странски пазари со цел да се отстрани штетната меѓусебна конкуренција. Ќе се подобри исто така контролата на квалитетот на извозните производи со поефикасна организација на оваа служба и со пропишување на соодветни извозни стандарди. Во овој правец ќе се засили улогата и активноста на Надворешнотрговската и на другите комори. За развојот на надворешнотрговските претпријатија и за поефикасната контрола на нивната работа ќе придонесе и новооснованата Банка за надворешна трговија.

3.

Во 1956 година угостителството ќе се развива на истите основи на кои работеше и во претходната година.

Во 1956 година може да се очекува натамошен развој на домашниот и на странскиот туристички промет. Покрај тоа ќе се преземат соодветни мерки за пошироко пружање поразновидни услуги на странски туристи, та во врска со тоа се смета со поголеми девизни приходи од овие услуги.

4.

Со цел за рационално инвестирање на подрачјето на трговијата, на угостителството и на туризмот се предвидуваат посебни мерки за усмерување на инвестициите во правецот на подобрување на техничката опременост на пазарот на селскостопански производи и на други засегнати гранки на трговијата, како и во правецот на реконструкција и модернизација на угостителските објекти.

ГЛАВА VIII

ЗАНАЕТЧИСТВО

Напредокот на индустриското производство во 1956 година ќе овозможи подобро снабдување на занаетчиството со суровини и полуфабрикати, што ќе претставува материјална база за натамошно зголемување и подобрување на занаетчиското производство.

Народните одбори ќе бидат во можност да користат средства од околискиот кредитен фонд за зајакнување особено на општественото занаетчиство на своето подрачје, водејќи сметка за оние занаети што со пополна мобилизација на домашните извори на суровини можат да го унапредуваат производството на предмети за лична потрошувачка и на лични услуги на населението.

За развојот на занаетчиството треба да придонесат вложувањата во оние занаети од чии услуги и производи се чувствува особена потреба, потоа подоследното наградување на занаетчиските работници според нормата, како и подоследната примена на институциите на паушално определување и на паушално плаќање на општествените обврски.

ГЛАВА IX

СТОПАНСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1.

Основните карактеристики на размената со странство во 1956 година ќе ги сочинуваат следните поважни моменти:

а) зголемување обемот на надворешнотрговската размена и активирање на оваа размена на недоволно обработени и на нови пазари;

б) значителен пораст на извозот што ќе биде овозможен со зголемено индустриско производство, со пуштање во погон на нови капацитети и со поголема ориентација на производството кон извозот; поголем волумен на извозот ќе се постигне и со поцврсто регулирање на внатрешната потрошувачка, односно со нејзино доведување во согласност со потребите за зголемување на извозот;

в) зголемувањето на увозот исто така ќе биде значително поради голем увоз на храна и создавање на извесни понормални трговски запаси во храна, потоа поради проширување на увозот на готови стоки наменети за лична потрошувачка и на увозот на репродукциони материјали за потребите на селското стопанство;

г) од специфични причини што ги диктира курсот кон стабилизација на пазарот, порастот на увозот (без увозот за инвестиции) е поголем од порастот на извозот; тоа ќе овозможи пополно да се регулира понудата и побарувачката на пазарот на селскостопански производи и да се ублажи недостигот на некои специфични стоки.

2.

Предвиденото зголемување на извозот споредено со претходните години ќе изгледа:

во милијарди динари

	1954	1955	1956	Индекси 1955/54	Индекси 1956/55
Вкупен извоз	72,1	77,1	85,3	107	111
Извоз на индустриски производи	45,7	50,7	57,7	111	114
Извоз на селскостопански производи*)	26,4	26,3	27,6	100	105

Според својот фактичен обем извозот во 1955 година е поголем за 17%, бидејќи во предвидувањата се сметаше со нешто понеповолни странски цени отколку во 1955 година. Ваквиот обем на извозот ќе бара големи напори на целото стопанство а неговото остварување е од битно значење за натамошниот стопански развиток.

*) Во селскостопанскиот извоз е содржан и извозот на производи на прехранбената индустрија и на индустријата на тутун.

3.

Во структурата на индустрискиот извоз се очекуваат промени во правецот на позначително зголемување на извозот на валјани производи од бакар и алуминиум и на валјани производи на црната металургија. Ова зголемување ќе произлезе главно од новите капацитети што неодамна почнаа со работа. Во хемиската индустрија ќе се обезбеди зголемување на извозот на каустична и амонијачна сода и на други хемиски производи. Од новите капацитети се предвидува зголемување на извозот на сурово железо, бензол, базични тули, моторен бензин итн. Во дрвниот сектор се смета со зголемување на извозот на тврда и мека режана граѓа, на вештачки плочи, на намештај и на други финални дрвни производи.

На подрачјето на извозот на селскостопански производи зголемувањето произлегува од извозот на пченка, на свежо овошје и од друг поситен селскостопански извоз. Се смета со извесен пораст на извозот на оние добиточни производи каде што внатрешната побарувачка е помалу интензивна. Вкупниот извоз на добиточниот сектор ќе биде сепак нешто понизок од остварениот во 1954 година.

Кај нестоковното притечување предвидено е нето зголемување на девизните приходи за 2 милијарди динари, спрема зголемувањето на приходите за 3,7 милијарди во минатата година. Во 1956 година може реално да се смета со натамошниот пораст на приходите особено од странскиот туризам и од транзитниот сообраќај.

4.

Структурата на увозот ќе ја карактеризираат поголемиот увоз на суровини за преработувачката индустрија и за селскостопанското производство, и истовременото намалување на увозот за базичната индустрија поради поголемо домашно производство на суровини и на полуфабрикати, како и поради стеснување на овој увоз од причините што ги диктира состојбата на платниот биланс. Натамошната карактеристика на увозот ја сочинува зголемениот увоз на храна, деломично и поради санирање на трговските запаси, и поголемиот увоз на готови индустриски производи за лична потрошувачка. Овој увоз треба повеќе отколку да се удвои спрема претходните години, во кои бил минимален.

5.

За обезбедување на предвидениот извоз и увоз, односно за натамошно унапредување на размената со странство, се предвидуваат помеѓу другото и следните мерки:

а) поттикнување, на поширок план, на помали рационализации и реконструкции пресметани на побрзо зголемување на извозот, односно на намалување на увозот; во таа цел и натаму на извозниците ќе им се даваат посебни кредитни и девизни олесненија;

б) создавањето на обртна девизна резерва кај Народната банка и кај Банката за надворешна трговија ќе овозможи да се склучуваат зделки под поповолни услови како и да се вршат оние извозни операции што бараат извесно авансирање на средствата;

в) со воведувањето на алокации ќе се осигури извозот во предвидените количини на оние производи што заземаат значително место во нашиот извоз;

г) со соодветните мерки ќе се врши пополно усклaдување на структурата на девизните приходи и на девизните расходи;

д) за коректури на извозните коефициенти и на извозните премии се предвидуваат средства во износ од 20 милијарди динари, со оглед на позначителното наголемување на извозот и на укинувањето на стимулацијата што ја имаа досега извозниците во вид на слободна продажба на девизи;

ѓ) врз база на веќе воведениот метод на наменската продажба на девизи од страна на Народната банка ќе се продолжи со стабилизирање на условите за увоз на репродукциони материјали и на други производи битни за внатрешната потрошувачка.

6.

За општиот склоп на платниот биланс во 1956 година карактеристично е следното:

а) зголемување на сопствените девизни средства од извозот и од нестоковното притечување за околу 12%, од што најголем дел отпаѓа на зголемувањето на извозот;

б) обемот на увозот и на девизните плаќања се зголемува спрема претходната година за околу 8%, а во апсолутен износ нешто повеќе отколку што се предвидуваат сопствените девизни средства;

в) дефицитот на платниот биланс поради тоа останува значителен и во 1956 година. Ваков дефицит пред сé е предизвикан со значителен увоз на храна. Во обемот на дефицитот се изразуваат делум усилбите што во 1956 година мораат да бидат направени за да се поддржи стабилизацијата на внатрешниот пазар. Се предвидува дека дефицитот ќе биде покриен со нашите побарувања во странство и со странски средства.

ГЛАВА X
ИНВЕСТИЦИИ

1.

Обемот на општествените инвестиции спореден со 1954 и 1955 година ќе изгледа:

				во милијарди динари според цените од 1955 година			
				Намалување апсолутно спрема		Намалување во проценти спрема	
	1954	1955	1956	1954	1955	1954	1955
Вкупен обем на средствата за инвестиции, заедно со увозната опрема	410	420	346	64	74	15,6	17,7
при тоа: увозната опрема	29,9	36,0	19,5	10,4	16,5	34,8	45,9
вкупниот обем без увозната опрема	380,1	384,0	326,5	53,6	57,5	14,2	15,0

Намалувањето на обемот на инвестициите во 1956 година го наметнуваат следниве моменти:

а) потребата да се нормализираат обртните запаси на инвестициони стоки како и на стоки за лична потрошувачка и да се спречи натамошниот пораст на нивните цени;

б) стабилизирањето на обемот на запосленоста бара намалување на инвестициите додека поефикасно не ќе се зголеми производството на стоки за лична потрошувачка;

в) состојбата на платниот биланс и особено зголемувањето на извозот диктира исто така намалување на обемот на вкупните инвестиции.

Намалувањето на обемот на инвестиции треба, спрема тоа, да овозможи поцврсто билансирање на работната сила, на стоковните и на куповните фондови и на извозот.

Во тек на 1956 година треба да им се овозможи на стопанските организации и на околиските народни одбори од средствата на инвестиционите фондови со кои располагаат, да набавуваат увозна опрема и над горе наведените износи првенствено за реконструкции и рационализации за зголемување на производството за извоз и за лична потрошувачка. Се оценува дека на тој начин може за потребите на реконструкции, без натамошно оптоварување на внатрешните биланси, да се зголеми вкупниот обем на инвестициите на околу 358 милијарди.

Наведениот вкупен обем на инвестициите како и обемот на инвестициите без увозната опрема прет-

ставува почетно ниво. Доколку во текот на годината ќе се покажат поголеми реални можности за инвестирање, нивниот обем ќе може дополнително да се зголеми, водејќи сметка за структурата на производството и за структурата на расположивите стоковни фондови од домашно производство и од увозот, како за инвестициона така и за лична потрошувачка.

2.

Се предвидува дека во 1956 година користењето на средствата на амортизационите фондови ќе изнесува 120 милијарди динари што претставува зголемување за околу 40% во однос на 1954 и околу 5% во однос на 1955 година. Ова зголемување произлегува од зголемениот обем на основните средства во стопанството (нови објекти) како и од пополното користење на амортизационите фондови во некои стопански области (на пример во шумарството и во сообраќајот). Средствата на амортизационите фондови ќе можат во 1956 година да се користат и за набавка на опрема за поголеми реконструкции и за нови инвестиции, а особено за оние реконструкции за кои може да се набави опрема од странски средства. Средствата за амортизација ќе бидат пред се' усмерени во оние реконструкции и нови инвестиции што врз базата на домашните средства обезбедуваат поголемо производство за лична потрошувачка и за извоз.

3.

Имајќи го во предвид вкупниот обем на инвестициите во износ од 346 милијарди динари и предвиденото користење на средствата на амортизационите фондови, новите инвестиции во 1956 година ќе изнесуваат 226 милијарди динари. Обемот на новите инвестиции се намалува за околу 26% спрема 1955 година.

4.

Новите инвестиции во износ од 226 милијарди динари ќе се користат првенствено за оние инвестициони вложувања што се сврзани за основните стопански биланси во 1956 и 1957 година. Во таа смисла се предвидува:

а) во областа на индустријата и рударството и во областа на сообраќајот да се заврши односно продолжи изградбата на објекти со чие производство се смета во стопанските биланси за 1956 и 1957 година, а да се успори или запре изградбата на споредни погони и објекти што не се непосредно сврзани за производството.

Во областа на индустријата, покрај тоа, се предвидуваат инвестиции за нови објекти во гранките на енергетиката и за модернизација на постројките заради порационално производство на градежни материјали и за замена на дрвото;

б) во областа на селското стопанство да се извршат оние инвестициони вложувања, што можат да дадат побрз ефект во селскостопанското производство;

в) градежната оператива да се оспособи за побрзо и поевтино градење;

г) да се инвестира за целите за средување на пазарот, а особено на пазарот на селскостопански производи.

5.

За усмерување на инвестициите во наведените цели со планот се обезбедуваат средства во Општиот инвестиционен фонд во износ од 114 милијарди динари. Освен тоа, се предвидува со учество во заемите од Општиот инвестиционен фонд и со формирање на фондовите со определена намена да се ангажира за горе наведените цели значителен дел од инвестиционите средства со кои во 1956 година ќе располагаат стопанските организации, општините, околиите и народните републики.

6.

Со Општествениот план за 1956 година, освен тоа, се обезбедуваат покрај Општиот инвестиционен фонд средства за дотации на инвестиционите фондови на НР Македонија и на НР Црна Гора првенствено за продолжување изградбата на започнатите објекти и за гаранции, за депозити и за партиципации во заемите од Општиот инвестиционен фонд и за нови објекти; на околијата Копер за продолжување изградбата на фабриката за мотори и скутери „Томос" и на патот Сежана—Копер, и на општината Бује за продолжување изградбата на цементарата во Умаг.

Покрај тоа предвидени се средства за дотации на градот Задар и на градот Белград, за низни комунални потреби и за стопанска изградба.

Заедно со ова се предвидува дека инвестициите на Општиот инвестиционен фонд ќе изнесуваат околу 128 милијарди динари.

7.

Се предвидува следната структура на инвестициите по стопанските области и дејности во 1956 година:

	(во проценти од вкупните инвестиции) 1955	1956
Индустрија и рударство	47,4	44,9
Селско стопанство	5,8	7,1
Водостопанство	0,1	0,3
Шумарство	1,8	1,6
Градежништво	2,9	3,1
Сообраќај	18,9	19,1
Трговија и угостителство	4,5	2,9
Занаетчиство	0,9	0,4
Стопанството — вкупно	82,3	79,5
Општественото стандард	17,3	15,5
Нераспоредено	—	5,0

Промените во структурата на инвестициите во 1956 година ќе се состојат во извесно натамошно апсолутно и релативно намалување на инвестициите во индустријата, при што најголем дел од средствата и натаму апсорбуваат објектите во изградба, и во зголемени вложувања во селското стопанство. Кај предвидената структура на инвестициите, стопанските инвестиции ќе бидат за 13% помали отколку во 1954 односно за околу 16% отколку во 1955 година, додека инвестициите за општественото стандард ќе бидат намалени за околу 26% спрема 1954, односно за 24% спрема 1955 година. При тоа инвестициите во станбената и во комуналната изградба ќе се одржат на истото ниво како во минатата година.

За подобрување структурата на инвестициите ќе придонесе очекуваната реализација на увозна опрема над предвиденото обем. Оваа увозна опрема ќе биде наменета за изведба на реконструкции и рационализации во индустријата, потоа за снабдување на сообраќајот со камиони, вагони и со други сообраќајни средства, како и за подобро опремање прометот на селскостопански производи.

ГЛАВА XI

ПАЗАРИШТЕ И ПОТРОШУВАЧКА НА НАСЕЛЕНИЕТО

А) Пазариште

1.

Основното обележје на развојот на стоковно-паричните односи ќе го даваат во 1956 година овие моменти:

1. На подрачјето на инвестициите се намалува обемот на паричните средства во поголема мерка отколку обемот на материјалното производство за инвестиции. Додека паричните средства се намалуваат за 17% дотогаш се предвидува помало производство на опрема само за 3%. При тоа производството на овие инвестициони стоки што можат да предизвикаат поголема размена со селото расте и во 1956 година. Од ваквиот однос треба да настане поповолно формирање на цените на инвестиционите производи.

2. Буџетските расходи ќе бидат зголемени во помал обем, при што издатоците за народната одбрана и натаму релативно се намалуваат, што треба да

овозможи усклaдување на буџетската потрошувачка со реалните можности на производството.

3. Материјалните рамки на пазарот на личната потрошувачка ќе ги сочинува натамошното зголемување на стоковните фондови наменети за оваа форма на потрошувачка. Обемот на стоковните фондови за потрошувачка на населението ќе биде врз база на предвиденото индустриско и селскостопанско производство и на увозот поголем во 1956 година за 8% отколку во претходната година. Следниве мерки треба да обезбедат постабилно движење на паричните приходи на населението и поцврсто регулирање на личните доходи:

а) ограничување темпото на зголемувањето на заработувањата, поради што во оваа област не се очекува некој поголем пораст на паричните доходи на населението;

б) висината на платите на работниците и службениците во стопанството ќе биде регулирана со рамките на тарифните правилници донесени во претходната година и согласно на тоа пораст на индивидуалните плати ќе биде по правило можен врз база на поголема продуктивност на трудот;

в) воведувањето на построги критериуми за примање детски додатоци и минимални пензии, со оглед на имотниот статус на нивните иматели, исто така ќе го ограничи порастот на личните приходи од областа на социјалните давања;

г) усмерувањето на потрошувачката на селото преку поголема понуда на стоки за инвестиции и за репродукција во селското стопанство, како и преку поголемо зафаќање паричните доходи со даночни форми, ќе придонесе за пополно регулирање на оваа потрошувачка во согласност со развитокот на селскостопанското производство и со производството на пазарни вишоци.

2.

За усклaдување на стоковно-паричните односи и за потребна контрола над формирањето на сите видови потрошувачка како и за нивно усмерување треба да послужат и промените што на подрачјето на стопанскиот систем се воведуваат во текот на 1956 година. Во тој поглед можат да бидат од посебно значење особено одвојувањето на средства за буџетска потрошувачка од фондовите од стопански карактер, формирањето на школски кредитни фондови и воведувањето на прогресивно оданочување на добивката.

Формирањето на средствата на буџетот како и на стамбените фондови спрема остварувањето на платните фондови треба исто така поволно да влијае врз рамномерниот распоред на тие средства спрема местата на најголемата побарувачка.

3.

За организационо средување на пазарот се предвидуваат, меѓу другото, следните мерки:

а) ќе се осигурат поголеми вложувања во техничкото опремање на прометот со селскостопански производи, со постепено организирање на овој промет преку земјоделските задруги;

б) ќе се задржат плафонираните и определените цени на основните суровини и на некои други поважни производи;

в) со контингентирање на извозот на основните производи ќе се врши поправилна расподелба на стоките меѓу внатрешниот пазар и извозот.

4.

Со преземање на наведените мерки ќе се постигне пополно усклaдување на стоковно-паричните односи, постепено стабилизирање на понудата и побарувачката и помирен развој на цените, што меѓу другото ќе биде овозможено и со создавање на поморални обртни запаси на инвестициони и потрошни стоки. Во рамките на ваквиот општ развој на пазарот треба да се очекува започнување на процесот на постепено усклaдување на цените и на формирање на нивни поприродни меѓусебни односи. Независно од ова ќе доаѓа до поместување на цените кај некои поодделни производи, каде што производството не е достаточно да ги намири внатрешните потреби. Ќе остане исто така дејството на сезонските фактори врз цените, особено на подрачјето на селскостопанските производи.

Б) Потрошувачка на населението

1.

Расположивите стоковни фондови за потрошувачка на населението ќе бидат зголемени во 1956 година. Ова наголемување ќе биде овозможено од:

а) порастот на производството на индустриски стоки за лична потрошувачка кој се оценува на околу 10% спрема претходната година. Зголемувањето на производството се очекува во сите гранки на преработувачката индустрија;

б) поголемиот обем на пазарните вишоци што се предвидува при главно ист обем на селскостопанското производство, врз база на преземање мерки при размената со селото и при пообемно средување на пазарот;

в) зголемувањето на увозот на храна за кое е предвиден во платниот биланс износ од околу 47 милијарди динари; зголемувањето на увозот на храна меѓу другото треба да послужи за нормализирање на трговските запаси на основните прехранбени производи;

г) поголемиот увоз на готови производи, за која цел се обезбедува во платниот биланс износ од околу 10 милијарди динари.

Под услов да се остварат наведените претпоставки, особено во поглед на селскостопанското производство и на увозот, се предвидува следното движење на стоковните фондови за потрошувачка на населението во 1956 година:

Индекс на стоковните фондови за лична потрошувачка

	1955	1956
Вкупни стоковни фондови	100	108
Индустриски производи	100	119
Селскостопанско-прехранбени производи	100	104

2.

Зголемувањето на стоковните фондови ќе послужи за пополнување на недостаточните запаси, за проширување на асортиманот и за ублажување на недостигот на некои дефицитарни производи. Проширувањето на асортиманот се очекува во домашната индустрија, а тоа ќе биде надополнето и со увоз на странски потрошни стоки.

Формирањето на поголеми стоковни фондови најпрво и пред се' треба да ја стабилизира личната потрошувачка, а подоцна, доколку се остварат основните претпоставки на планот и во условите на нормална родна година, тоа може во согласност со зголемувањето на производството и на продуктивноста на трудот да доведе и до извесен постепен пораст на потрошувачката на градското население, посебно на работниците и службениците во градовите и индустриските центри. За исполнување на оваа цел треба особено да послужи смирувањето на пазарот.

Мерките за усмерување на потрошувачката на селото се управени на тоа личната потрошувачка да ја направат, како и во градот, повеќе зависна од порастот на продуктивноста на трудот и од зголемувањето на производството за пазар. Расположивите стоковни фондови обезбедуваат во тој правец поголеми количини добра за инвестициона и репродукциона потрошувачка на селото.

Регулирањето на потрошувачката на селото ќе се врши со соодветни даночни мерки, со ограничување притекот на селската работна сила во другите стопански дејности и со построги мерила за давање детски додатоци и минимални пензиски принадлежности на оние категории уживатели што имаат приходи од селското стопанство.

По тој пат треба да се постигнат поправилни сразмери во развојот и расподелбата на потрошувачката меѓу селото и градот, така што односите на потрошувачката во градот и во селото што пополно да му се прилагодат на движењето на производството и на продуктивноста на трудот.

ГЛАВА XII
РАСПОДЕЛБА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРОИЗВОД И НА НАЦИОНАЛНИОТ ДОХОД

1.

Расподелбата на општественото производ и на националниот доход во 1956 година ќе претрпи значителни измени. Нејзините основни карактеристики ги претставуваат следниве моменти:

1. Стабилизирање на личната потрошувачка, со возможен извесен постепен пораст во текот на годината на потрошувачката на градското население.

2. Обемот на средствата за вкупни инвестиции се предвидува дека ќе биде за 16,4% помал отколку во претходната година. Учеството на вкупните инвестиции во општественото производ, без вложување во обртните запаси, ќе опадне од 29% во 1955 година на 23% во 1956 година. При вакво движење на средствата за инвестиции, амортизацијата во 1956 година расте за 4,3% заради пополно одржување и замена на наличните капацитети.

Нето инвестициите, со оглед на поголемото користење на амортизацијата, опаѓаат нешто повеќе отколку вкупните инвестиции. Нивниот удел во националниот доход без вложувања во обртните запаси се намалува спрема 1955 година од 21.2% на 14,5%.

3. Буџетските расходи се зголемуваат за околу 6% спрема 1955 година, при што расходите за народна одбрана незначително се намалуваат. Учеството на расходите за народна одбрана во националниот доход ќе опадне во 1956 година на 11,1% спрема 11,9% колку што чинеа од остварениот доход во 1955 година.

4. Во расподелбата на националниот доход се предвидува одвојување на средства за зголемување на обртните запаси во стопанството.

5. Ваквата расподелба во однос на формирањето на националниот доход смета со дефицит на платниот биланс, односно со соодветна употреба на странски средства.

2.

За расходите на федерацијата карактеристично е следното:

а) Расходите на сојузниот буџет се зголемуваат спрема 1955 година поради редовното зголемување на издатоците за инвалидниини на воените инвалиди од војните, за создавање нешто поголема буџетска резерва и поради зголемувањето на расходите за отплата на странските заеми.

Предвидените расходи на сојузниот буџет (со буџетските инвестиции) во 1956 година изнесуваат во милиони динари:

	1955	1956
Буџетски расходи	42.707	47.770

б) Се зголемуваат средствата на фондот за регреси и дотации во стопанството, главно поради зголемување на обемот на регресите во селското стопанство, и незначително регресирање на индивидуалната потрошувачка на јаглен во 1956 година.

Нивото на предвидените средства за регреси и дотации на стопанството, во 1956 година, изнесува во милиони динари:

	1955	1956
Средства за регреси и дотации во стопанството	17.792	22.765

в) Средства за резерва на федерацијата се предвидуваат во износ од 10.000 милиони динари, и незначително се зголемуваат во однос на 1955 година, во која изнесуваа 9,6 милиони динари.

г) Дотациите за покривање на буџетските расходи на НР Македонија и НР Црна Гора одмерени се имајќи ги во предвид промените во механизмот за формирање на буџетските средства, односно за обезбедување на нешто поголемо ниво на буџетските расходи спрема претходната година, и изнесуваат:

— на НР Македонија	2.650
— на НР Црна Гора	3.580

д) Инвестициите од Општиот инвестиционен фонд се намалуваат за околу 38.000 милиони или 23% спрема остварениот обем во претходната година и ќе изнесуваат околу 128.000 милиони динари.

Намалувањето на средствата на Општиот инвестиционен фонд извршено е во согласност со намалувањето на вкупниот обем на инвестициите, односно со соодветната инвестициона програма за 1956 година.

ѓ) Во расходите на федерацијата се предвидени средства во износ од 5.000 милиони динари за фондот за истражувачки работи, средства од 1.500 милиони за фондот на водите, и износ од 2.300 милиони за фондот за унапредување на селското стопанство.

Вкупните расходи на федерацијата, со издатоците за народна одбрана во височина од 158.500 милиони динари (без инвестициите во воената индустрија) се намалуваат спрема 1955 година, и изнесуваат 382.465 милиони спрема 405.147 милиони во 1955 година.

3.

Вкупните средства со кои ќе располагаат народните републики и народните одбори се предвидуваат на нешто повисоко ниво отколку во 1955 година. На стопанските организации ќе им стојат на располагање поголеми средства, особено кога се имаат во предвид средствата на амортизационите фондови и поголемите вложувања во обртните запаси во стопанството.

Предвидените средства во општественото план, со соодветниот систем на постојаните извори на приходи за буџетската и инвестиционата потрошувачка, ќе придонесат за натамошно зацврстување на буџетската самостојност и на самоуправните права на комуналните единици, како и за натамошен пораст на нивните интереси и на значењето за развојот на стопанските организации, за зголемување на производството и на продуктивноста на трудот.

Средствата на народните републики, на народните одбори и на претпријатијата се формираат со примена на единствените инструменти што важат за стопанството во целост. Бидејќи врз база на единствената примена на инструментите не се постигнува покривање на буџетските расходи, се предвидува различно учество на народните републики во сојузниот данок на промет, и тоа: за НР Србија 24%, за НР Хрватска 7%, за НР Словенија 7%, за НР Босна и Херцеговина 22%. За НР Македонија и НР Црна Гора покрај учеството во сојузниот данок на промет од 24% предвидени се и дотации за покривање на буџетските расходи.

ВТОР ДЕЛ
ПРОПИСИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И МЕРКИ

ГЛАВА XIII
АМОРТИЗАЦИЈА

1.

Стопанските организации ќе ја пресметуваат амортизацијата за 1956 година со примена на нормите на амортизацијата што се утврдуваат со сојузни прописи.

2.

Стопанските организации уплатуваат полн износ на пропишаната амортизација.

По исклучок од одредбата на претходниот став, во 1956 година уплатуваат:

а. претпријатијата за производство на тули, керамиди и вар, каменоломите и поморските багерски претпријатија — во височина што ќе ја определи

општествениот план на околијата. Оваа височина се утврдува спрема времето на траењето на работата на погонот во текот на годината, со тоа да не може да изнесува помалу од 70% ниту повеќе од 100% од полниот износ на годишната амортизација;

б. стопанските организации во шумарството и во дрвната индустрија — на име амортизација на шумските патишта со кои се служи и јавниот сообраќај, и тоа само оној дел што е потребен за одржување на тие патишта, а најмногу 100% од полниот износ на амортизацијата. Кои шумски патишта му служат и на јавниот сообраќај определува советот за стопанство на народниот одбор на околијата.

Народниот одбор на околијата може да ја намали нормата на амортизацијата до височината потребна за одржување на основните средства:

а) за градежните објекти што селскостопанските организации и општите земјоделски задруги не можат да ги користат (италите и др.);

б) за основните средства на новоформираните селскостопански организации, кои врз основа на одредбите на сојузниот општествен план за 1954 година односно 1955 година се прогласени за опитен погон.

Селскостопанските организации и општите земјоделски задруги кога купуваат трактор или земјоделски машини можат да бидат ослободени од уплатата во амортизациониот фонд на делот на неамортизираната вредност на старите трактори и машини, чија замена ја вршат, а кои повеќе не можат да ги употребат.

Како селскостопански организации во смисла на одредбите од овој општествен план се подразбираат селскостопанските добра, селанските работни задруги, самостојните економии што имаат својства на правно лице, економиите на општите земјоделски задруги што имаат посебно книговодство, претпријатијата и задругите за морски и слатководен риболов, како и расадниците, ергелите, селскостопанските станици опитните имоти и другите слични селскостопански организации, ако се регистрирани како претпријатија.

3.

Стопанските организации можат во 1956 година од вкупно уплатената амортизација да го користат износот што се добива кога ќе се одбијат:

а) уплатениот дел на амортизацијата за отпис на вредноста на градежните објекти во 1956 година,

б) уплатениот дел на амортизацијата за отпис на вредноста на опремата во 1956 година што му одговара на процентот на способноста на опремата спрема состојбата искажана во книговодството на 31 декември 1955 година.

4.

Средствата на амортизациониот фонд што произлегуваат од продажбата на основни средства или од надоместокот на штетата примен за основните средства можат да се користат во полн износ.

5.

По исклучок од одредбите на одделот 3 можат да користат:

а) полн износ на уплатената амортизација во 1956 година: рудниците на јаглен, на метали и неметали, претпријатијата за производство на нафта, претпријатијата за геолошки, геофизички и рударски истражувања, претпријатијата за производство на тули, керамики и вар, каменоломите, претпријатијата за производство на шеќер, претпријатијата за производство на масло, мелниците, претпријатијата за производство на каделно и ленено влакно, претпријатијата на графичката индустрија, претпријатијата на фармацевтската индустрија, претпријатијата на Заедницата на југословенските железници, претпријатијата на поморскиот, речниот, езерскиот, патниот и воздушниот сообраќај, претпријатијата на ДПТ собраниј, опште селскостопански организации, земјоделските земјоделски задруги, селскостопанските машински станици, специјализираните работилници и сервиси за услуги и за поправање земјоделски машини, претпријатијата за промет со средства за селскостопанско производство, селскостопанските апотеки, претпријатијата односно погоните за одгледување и експлоатација на шумите и комуналните и занаетчиските претпријатија и дуќани;

б) 80% од уплатената амортизација на име отписи на вредноста на сите основни средства — претпријатијата на градежништвото;

в) 80% од уплатената амортизација на име отписи на вредноста на градежните објекти — претпријатијата на електростопанството;

г) полн износ на уплатената амортизација на име отписи на вредноста на фондот на добитокот — сите стопански организации.

6.

Стопанската организација може во текот на 1956 година да користи средства од амортизациониот фонд било за инвестиционо одржување, било за замена на основните средства според посебните прописи на Сојузниот извршен совет.

Доколку стопанската организација употреби за потребите на инвестиционото одржување дел од средствата на амортизациониот фонд за замена, за толку помалу на крајот на годината ќе се отпише од оние основни средства на кои се извршени работите на инвестиционото одржување од средствата на амортизациониот фонд за замена.

7.

Средствата на амортизациониот фонд што не можеле да се користат во 1955 година според одредбите од одделот 3 и 7 главата XII на Сојузниот општествен план за 1955 година, не можат да се користат ни во 1956 година.

8.

Нормите на амортизацијата за занаетчиските и угостителските претпријатија и дуќани и за туристичките претпријатија ги пропишуваат народните одбори на општините.

Како занаетчиски претпријатија и дуќани во смисла на одредбите од овој општествен план се сметаат оние што како такви се регистрирани до 31 декември 1954 година, како и новооснованите занаетчиски претпријатија и дуќани во 1955 година. Стопанските организации што не се регистрирани како занаетчиски не можат во 1956 година да се регистрираат како занаетчиски. Сојузниот извршен совет може да пропише услови под кои наличните стопански организации што не се запишани како занаетчиски можат како такви да се регистрираат.

9.

Се овластува Сојузниот извршен совет да го утврди процентот за уплата на делот на амортизациониот фонд определен за замена во околискиот инвестиционен фонд, без оглед дали овие средства можат слободно да се користат според одредбите на оваа глава.

ГЛАВА XIV

ИНТЕРЕС НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА

1.

Интересната норма на основните средства изнесува 6% годишно, ако со одредбите од оваа глава не е определено поинаку.

2.

Интересната норма на основните средства изнесува 2% годишно за:

а) претпријатијата на електростопанството, коксарите, претпријатијата за производство на нафта, рудниците на железна руда (освен рудникот Лобија), железарите, претпријатијата на бродоградбата, претпријатијата за преработка на овошје, зеленчук, маслинки, млеко, месо и риби, претпријатијата за производство на тестенини, [illegible] мелниците, мразарите, фабриките на [illegible], [illegible], [illegible] и [illegible] за производство на лаење и каденско влакно;

б) претпријатијата на Заедницата на југословенските железници, претпријатијата на морскиот, реч-

ниот, езерскиот и воздушниот сообраќај, претпријатијата на поштенско-телеграфско-телефонскиот сообраќај и поморските багерски претпријатија.

Интересна норма на основните средства по нормата од 2% годишно плаќаат и оние електрани што како погони се наоѓаат во состав на одделни претпријатија, а кои имаат услови за зачленување во заедницата на електростопанските претпријатија и електричната енергија ја испорачуваат во мрежата на заедницата.

Интересната норма на основните средства изнесува 1% годишно за:

а) претпријатијата на индустријата за градежни материјали;

б) издавачките и новинските претпријатија, филмските претпријатија и претпријатијата за прикажување филмови.

Претпријатијата на јавниот патен сообраќај не плаќаат интерес на основните средства.

3.

Селскостопанските организации, специјализираните семенски претпријатија и задруги, селскостопанските машински станици, специјализираните работилници и сервиси за услуги и за поправање на земјоделски машини и селскостопанските апотеки не плаќаат интерес на основните средства.

Општите земјоделски задруги плаќаат интерес на основните средства според единствената норма што ја утврдува општествениот план на општината во границите на нормите на интересот на основните средства утврдени со сојузниот општествен план. Приходот од свој интерес влегува во инвестиционниот фонд на општата земјоделска задруга што го плаќа интересот.

4.

Интерес на основните средства не се плаќа на вредноста:

а) на сувите докови и оперативните површини за градба на бродови и пловечки докови;

б) на оперативните брегови, лукобрани и канали;

в) на долниот строј на железничките пруги на јавниот сообраќај, на тунелите, галериите, масивните мостови, рампите, станичните перони и на пристапните патишта, како и на долниот строј на железничките пруги на шумските претпријатија;

г) на мелиорационите објекти (насипи, канали, пумпи и сл.);

д) на шумските пруги и патишта што му служат и на јавниот сообраќај.

5.

Интересната норма на основните средства за занаетчиските и угостителските претпријатија и дуќани и за туристичките претпријатија ја определува народниот одбор на општината.

6.

Интересите на основните средства во рамките на стопанската организација се плаќаат според единствената норма што се определува според основната дејност на стопанската организација.

По исклучок од претходниот став, претпријатијата за промет со жита и мелничките претпријатија, што имаат во свој состав силос или механизирани житни складови, плаќаат интерес на вредноста на основните средства на силосите и на механизираните житни складови според нормата од 2%.

7.

Интересите на основните средства се приходи на Општиот инвестиционен фонд.

Интересите на основните средства што ги плаќаат занаетчиските и угостителските претпријатија и дуќани и туристичките претпријатија се приход на општинскиот инвестиционен фонд.

ГЛАВА XV

ИНТЕРЕСНА НОРМА ПО КУСОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ И ПО ДЕПОНИРАНИТЕ СРЕДСТВА

Се овластува Сојузниот извршен совет да донесува прописи за интересните норми и за другите услови за кредитите за обртни средства и за другите кусорочни кредити, како и за интересните норми што ги плаќаат банките и штедилниците по одделни депонирани (вложени) средства.

ГЛАВА XVI

ДАНОК НА ПРОМЕТ И РАСПОДЕЛБА НА ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

1.

Стопанските организации ќе ги примануваат во текот на 1956 година нормите на данокот на промет според прописите што ги донесува Сојузниот извршен совет.

2.

На народните републики им се отстапува:

1) данокот на промет од вино и ракија, освен данокот на промет во угостителството и трговијата на мало;

2) дел од наплатениот данок на промет, што и' припаѓа на федерацијата, и тоа:

на НР Србија	24%
на НР Хрватска	7%
на НР Словенија	7%
на НР Босна и Херцеговина	22%
на НР Македонија	24%
на НР Црна Гора	24%

од данокот на промет наплатен на територијата на односната народна република.

Народните републики можат да воведат данок на промет што ќе се наплатува од индивидуалните производители на тутун а во согласност со Сојузниот извршен совет и од индивидуалните производители на хмел. Приходот од свој данок и' припаѓа на народната република.

ГЛАВА XVII

ОДАНОЧУВАЊЕ И РАСПОДЕЛБА НА ДОБИВКАТА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1.

Стопанската организација плаќа данок на добивка по нормата од 50%.

Данокот на добивка и' припаѓа на федерацијата.

2.

Не плаќаат данок на добивка стопанските организации и нивните погони што се ослободени од плаќањето на данокот на добивка со сојузните прописи за расподелба на вкупниот приход.

3.

Им се отстапува данокот на добивка: на железничките транспортни претпријатија, на претпријатијата на јавниот патен, речен и езерски сообраќај, на претпријатијата на поштенско-телеграфско-телефонскиот сообраќај, на претпријатијата на воздушниот сообраќај, на поморските бродарски претпријатија за локална пловидба, на претпријатијата на луките и складовите, на претпријатието „Бродоспас", на претпријатијата на филмската индустрија, на претпријатијата за прикажување филмови, на издавачките претпријатија, на новинските претпријатија, на графичките претпријатија, на семенските претпријатија за промет на жита, на мелничките, на туристичките претпријатија, на специјализираните семенски претпријатија, на селскостопанските машински станици, на специјализираните работилници и сервиси за услуги и за поправање на земјоделски машини и на селскостопанските апотеки.

Отстапениот износ на данокот на добивка стопанските организации од претходниот став ќе го

внесат во своите инвестициони фондови, а железничко-транспортните претпријатија и претпријатијата на поштенско-телеграфско-телефонскиот сообраќај ќе го внесат во инвестициониот фонд на своите заедници.

Сојузниот извршен совет ќе донесе прописи за начинот и за условите за трошење на средствата од инвестиционите фондови од претходниот став.

4.

Односот на платите од добивката спрема платите по тарифниот правилник од 1955 година кој според важечките прописи за расподелба на вкупниот приход на стопанските организации служи за утврдување на процентуалното учество на платниот фонд во добивката остварена во 1956 година, не може да биде помал од 8% ниту поголем од 16%.

Сојузниот извршен совет ќе го определи процентот за издвојување на платите од добивката над платите според тарифниот правилник за железничките транспортни претпријатија и за претпријатијата во состав на Заедницата на претпријатијата на поштенско-телеграфско-телефонскиот сообраќај.

5.

Средствата за општествениот инвестиционен фонд на околијата односно на општината и средствата за самостојно располагање на стопанската организација се издвојуваат од добивката на стопанската организација според следниве норми, и тоа:

ако добивката на стопанската организација, по одбивање на сојузниот данок, на законските обврски и на делот за плати, спрема вложените средства изнесува		се издвојува во општествениот инвестиционен фонд на околијата и во средствата за самостојно располагање на стопанската организација		
до	2%	48%		
на	2%	48% + 39%	на износот на вишокот над	2— 6%
на	6%	42% + 30%	„ „ „ „ „	6—12%
на	12%	36% + 21%	„ „ „ „ „	12—20%
на	20%	30% + 12%	„ „ „ „ „	20—30%
на	30%	24% + 9%	„ „ „ „ „	30—50%
на	50%	18% + 6%	„ „ „ „ „	50%

Од средствата издвоени во смисла на претходниот став на стопанските организации им припаѓаат 30%—40% за средства за самостојно располагање.

Со републичкиот општествен план може да се предвиди процент на учеството на народната република во средствата што се издвојуваат во околискиот инвестиционен фонд.

6.

Одредбите од претходниот оддел не се однесуваат на железничките транспортни претпријатија и на претпријатијата во состав на Заедницата на претпријатијата на поштенско-телеграфско-телефонскиот сообраќај. За овие претпријатија Сојузниот извршен совет ќе го определи процентот за издвојување дел од добивката за средствата на самостојно располагање.

7.

Трговските и угостителските претпријатија и дуќани (освен надворешнотрговските претпријатија) ги формираат средствата за самостојно располагање за 1956 година со издвојување на определен процент од остварениот промет во таа година, и тоа:

а) трговските претпријатија и дуќани за промет со селскостопански производи од 0,1—0,5%;

б) трговските претпријатија и дуќани за промет на индустриски и други стоки од 0,1—0,25%;

в) трговските претпријатија за промет на нафта и нафтини деривати 1—1.5%;

г) трговските претпријатија за откуп и промет на отпадоци 2%;

д) угостителските претпријатија и дуќани 0,5—3%.

Во границите од претходниот став со општествениот план на околијата, на чие подрачје се наоѓа седиштето на претпријатието односно на дуќанот, се утврдува процентот по кој трговските и угостителските претпријатија и дуќани ќе вршат издвојување за средствата за самостојно располагање.

Од средствата за самостојно располагање на трговските претпријатија и дуќани (освен на надворешнотрговските претпријатија) што се формираат во 1956 година, се издвојува 50% во корист на општинскиот инвестиционен фонд.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може трговските претпријатија од одделни струки да ги ослободи од обврската од претходниот став.

8.

Рударските претпријатија, претпријатијата за експлоатација на нафта и претпријатијата за истражување се должни, по издвојувањето на данокот на добивка и на законските обврски, од добивката да издвојат, во процент и на начинот што е утврден за 1955 година, средства за фондот за обновување и одржување резервите на рудно благо и на друго минерално благо и за фондот за истражување на рудното и другото минерално благо.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може да определи за претпријатијата за производство на нафта посебен процент за издвојување средства за истражувачки работи.

9.

Средствата за буџет на околијата се издвојуваат од добивката на стопанските организации спрема следниве норми:

ако добивката на стопанската организација, по одбивање на средствата за инвестициони фондови и на средствата за самостојно располагање, спрема износот на платите од претходната година изнесува		се издвојува за буџетот на околијата		
до	20%	90%		
на	20%	90% + 60%	од вишокот над	20—25%
на	25%	84% + 20%	„ „ „	25—50%
на	50%	52% + 8%	„ „ „	50—100%
на	100%	30% + 4%	„ „ „	100—200%
на	200%	17% + 2%	„ „ „	200% од износот на платите

Остатокот на добивката по издвојувањето на износот по нормите од претходниот став и припаѓа на федерацијата, ако со сојузните прописи не е определено поинаку.

Со републичкиот општествен план може да се предвиди учество на народната република во средствата издвоени за буџетите на околијата.

ГЛАВА XVIII

ПЛАТИ НА РАБОТНИЦИТЕ И СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

1.

Тарифните ставови во тарифните правилници на стопанските организации утврдени во 1955 година ќе се применуваат и во 1956 година.

Тарифните ставови во тарифните правилници на новооснованите стопански организации можат да се движат само во границите на тарифните ставови за соодветните работни места во тарифните правилници на наличните стопански организации од иста стопанска гранка односно област на територијата на народната република. Ако на територијата на народната република не постојат стопански организации од иста стопанска гранка или област, височината на тарифните ставови на новооснованата стопанска организација ќе се определи спрема височината на тарифните ставови во такви стопански организации на територијата на Југославија. Постапката за утврдување нивото на тарифните ставови на новооснованите стопански организации во смисла на одредбите од овој оддел ќе ја пропише Сојузниот извршен совет.

2.

Во стопанските организации што според сојузните прописи за расподелба на вкупниот приход издвојуваат посебен придонес за буџетите од платите, издвојувањето на овој придонес ќе се врши спрема следниве норми:

ако месечното примање на работникот или службеникот изнесува динари			се плаќа на име придонес во буџетот динари
до	7.000	—	
над	7.000	—	20% од износот меѓу 7.000— 15.000
„	15.000	1.600 +	30% „ „ „ 15.000— 30.000
„	30.000	6.100 +	40% „ „ „ 30.000— 50.000
„	50.000	14.100 +	50% „ „ „ 50.000— 70.000
„	70.000	24.100 +	60% „ „ „ 70 000—100.000
„	100.000	42.100 +	70% „ „ над 100.000.—

Во стопанските организации кај кои платниот фонд се утврдува врз основа на процент од прометот, народниот одбор на општината ќе определи таква височина на процентот од прометот, што платниот фонд да содржи и средства за исплата на посебниот придонес од овој оддел.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може да пропише посебен придонес за буџетите од платите што произлегуваат од премиите од надворешнотрговското работење на стопанските организации што се воведуваат согласно прописите за расподелба на вкупниот приход.

ГЛАВА XIX

ПРИДОНЕС ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

1.

Придонесот за социјално осигурување се уплатува според општата норма од 40% од износите уплатени на име плати и други лични издатоци (основ за пресметување на придонесот).

Со прописите на Сојузниот извршен совет за финансирањето на социјалното осигурување се определува кои исплати на име плати и други лични издатоци влегуваат во основот за пресметка на придонесот за социјално осигурување.

2.

Се овластува Сојузниот извршен совет да ги пропише начинот за пресметување и височината на придонесот за социјално осигурување за сезонските работници од определени видови селскостопански организации, за учениците во стопанството, за службениците на стопанските организации со служба во странство и за воените лица (офицерите, воените службеници и подофицерите).

Од вишоците на приходите над расходите што ќе се установат по завршните сметки на фондовите на околиските заводи за социјално осигурување и на фондовите на републичките заводи за социјално осигурување за 1955 година (освен фондот за превентивна здравствена заштита), ќе се распоредат 50% во резерва.

Преостанатиот дел од вишоците на приходите над расходите на околиските и републичките заводи остварени во работењето во 1955 година ќе се употребат за изградба на здравствени објекти и за унапредување на здравствената служба.

ГЛАВА XX

ДАНОК НА ДОХОД

1.

Нормите на данокот на доход од селското стопанство не можат да бидат помали од 10% ниту поголеми од 44% од катастарскиот приход од земјиште.

Нормите на данокот на доход од селското стопанство ги определува републичкиот извршен совет во границите на нормите определени со пропис на Сојузниот извршен совет.

2.

Се овластуваат републичките извршни совети да можат да пропишат дополнителен данок на доход од селското стопанство што ќе го плаќаат производителите на ориз, хмел и мараска, а во согласност со Сојузниот извршен совет дополнителен данок на доход од приходите на приватни лица што произлегуваат од производство и продажба на дрва.

3

Данокот на доход од самостојни занимања и од имот се обложува според прописите на Сојузниот извршен совет.

ГЛАВА XXI

ОПШТИНСКИ ЛОКАЛЕН ДАНОК НА ПРИХОДИ ОД СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И ОПШТИНСКИ ДАНОК НА ПРОМЕТ

1.

Народните одбори на општините се должни да пропишат општински локален данок на приходи од селското стопанство.

Нормата на општинскиот локален данок на приходи од селското стопанство е пропорционална и се обложува спрема катастарскиот приход.

2.

Нормата на општинскиот локален данок на приходи од селското стопанство не може да биде помала од 3% од катастарскиот приход од земјиште ниту поголема од максималната норма што ќе се определи со републичкиот општествен план.

Во границите меѓу минималната и максималната норма од претходниот став народниот одбор на општината ја определува нормата на општинскиот локален данок на приходи од селското стопанство за своето подрачје.

Народниот одбор на околијата може за подрачјето на одделни општини да ја зголеми нормата на општинскиот локален данок на приходи од селското стопанство што ја определил народниот одбор на општината, но не може да определи норма поголема од максималната норма определена со републичкиот општествен план.

3.

Народниот одбор на општината може да пропише општински данок на промет врз сиот промет на стоки на мало што ќе се изврши на подрачјето на општината како и врз вршењето на услуги на приватни лица.

Општински данок на промет според претходниот став во градовите поделени на општини може да воведува само народниот одбор на околијата или градскиот собор за целото подрачје на градот.

Општински данок на промет според одредбите од овој оддел не може да се пропишува на прометот на производи за кои со сојузни прописи е определен надоместок (регрес) при продажбата на мало.

Органот на Сојузниот извршен совет надлежен за финансии може да изземе определени производи или групи производи од општинскиот данок на промет како и да ја ограничи височината на овој данок.

ГЛАВА XXII

ЗЕМЈАРИНА

1.

Нормата на земјаринатa изнесува 13% од катастарскиот приход од земјиште.

По исклучок од одредбата на претходниот став, селскостопанските организации плаќаат земјарина според нормата која не може да биде помала од 13% ниту поголема од 47% од катастарскиот приход од земјиште.

Во границите на нормите од претходниот став народниот одбор на околијата определува посебна норма за секоја селскостопанска организација според која таа ќе ја плаќа земјаринатa.

Одредбите од претходните два става важат и за селскостопанските производни погони.

Народниот одбор на околијата може на новоформираните селскостопански организации што врз основа на сојузните општествени планови за 1954 и 1955 година се прогласени како опитен погон, како и на оние што не се заштитени од поплави и подземни води или не се арондирани, да им го отстапи во целост или деломично износот на земјаринатa. Износот на земјаринатa селскостопанските организации ќе го внесат во својот инвестиционен фонд.

ГЛАВА XXIII

МЕРКИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1.

Со цел да се зголеми извозот и да се израмнат разликите во цените Сојузниот извршен совет во 1956 година може да ги зголеми пропишаните и извозните коефициенти, да воведува нови или да ги зголемува наличните премии во рамките на сумата од 20 милијарди динари.

Се овластува Сојузниот извршен совет да го пропише начинот за користење на овие средства.

2.

Со цел за купување странска опрема и инвестициони материјали и на плаќање странски услуги во врска со инвестициите, стопанските организации можат да користат најмногу 19% од делот на амортизационот фонд, што се овластени да го користат, според одредбите од овој општествен план, за набавка на девизи на девизното пресметковно место или за плаќање со девизите што според важечките прописи не се должни да ги продадат на Народната банка. Средства од други извори не можат да користат за оваа цел.

Одредбите од претходниот став се однесуваат и на установите со самостојно финансирање и тоа на средствата на фондот за замена и дополнување.

Сојузниот извршен совет може на стопанските организации од одделни стопански области, гранки и групи да им го зголеми или намали процентот од ставот 1, односно да ги утврди и другите извори на средства за набавка на девизи на состаноните на девизното пресметковно место за целите од ставот 1 како и за набавка на девизи што Народната банка непосредно им ги продава на стопанските организации.

Сојузниот извршен совет ќе ги пропише условите за непосредна продажба на девизните средства и за употреба на динарските средства од претходниот став.

ГЛАВА XXIV

ОВЛАСТУВАЊА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ СО ЦЕЛ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ

1.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може да ги определува највисоките продажни цени и начинот за формирање на цените на производите и услугите кај кои поради дефицитарност на стоките и монополската положба на производителите може да дојде до пораст на цените.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може да ги пропишува поштенско-телеграфско-телефонските тарифи, како и тарифите за превоз на стоки и патници за сите видови сообраќај, освен патниот.

2.

До донесувањето на единствена тарифа за продажба на електрична енергија, Сојузниот извршен совет ќе пропише единствен тарифен систем и единствени услови за испорака на електрична енергија, врз основа на кои народните републики ќе ги пропишуваат тарифите.

По предлог од Заедницата на југословенското електростопанство, Сојузниот извршен совет ќе пропишува единствени тарифи по кои ќе им се продава електрична енергија на одделни категории потрошувачи.

3.

Сојузниот извршен совет може да определува контингенти на одделни индустриски производи, приоритети при користењето на услуги, како и услови за нивна продажба.

4.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може на народните републики да ги утврди минималните количини за сечење дрво на пењушка во шумите од општонародниот имот.

Се овластуваат народните републики да можат во свите општествени планови да го утврдат највисокиот обем за сечење дрво на пењушка.

ГЛАВА XXV

ИНВЕСТИЦИИ И ФОНДОВИ

1.

1. Општествени инвестициони фондови преку кои политичко-територијалните единици обезбедуваат средства за кредитирање и за финансирање на инвестициите се: Општиот инвестициониот фонд, инвестиционите фондови на народните републики и на автономните единици, инвестиционите фондови на околиите и инвестиционите фондови на општините, како и стамбените фондови основани според посебните прописи.

2. Покрај општествените инвестициони фондови, средства за финансирање на инвестициите во одделни области се обезбедуваат од фондовите за унапредување на селското стопанство, од фондовите за унапредување на шумарството, од начинни-

те фондови, од фондовите на водите и од фондот за истражувачки работи.

3. Заради регулирање на извозот и увозот и на домашниот пазар се обезбедуваат средства во фондот на разликата во цените при работењето со странство и во фондот за регреси и дотации.

4. Заради унапредување на одделни стопански дејности се обезбедуваат средства од фондот за унапредување на индустријата, од фондот за унапредување на градежништвото, од фондот за унапредување на надворешната трговија како и од други фондови основани со посебни прописи.

2.

1. Сојузниот извршен совет ги утврдува смерниците и условите за употреба на општествените инвестициони фондови согласно општата економска политика и одредбите од овој општествен план.

2. Средствата на општествените инвестициони фондови, освен Општиот инвестиционен фонд, ќе се употребуваат во 1956 година првенствено за покритие на обврските на политичко-територијалните единици според наличните прописи за давање заеми за инвестиции, како и за намирување обврските поради пречекорувањето на одобрените инвестициони заеми.

3. Максималните срокови за отплата на заемите за инвестиции утврдени со овој општествен план важат за заемите дадени од сите општествени инвестициони фондови.

4. До донесувањето на закон за општествените инвестициони фондови, Сојузниот извршен совет ќе донесе прописи за управувањето и употребата на средствата од овие фондови.

5. Во случај кога со овој општествен план или со посебни прописи е предвидено основање на општествен инвестиционен фонд на општината или на некој друг фонд на општината, во градовите поделени на општини ќе се формира единствен општествен инвестиционен фонд односно друг фонд за целото подрачје на градот. Со овие фондови управува градскиот собор, односно народниот одбор на околијата ако не постои градски собор.

6. Сојузниот извршен совет ќе ги сообрази сојузните прописи за одделните фондови донесени до 1956 година со одредбите од овој општествен план и ќе донесе прописи за управувањето и употребата на средствата од фондовите основани со овој општествен план.

7. Сојузниот извршен совет ќе донесе прописи за сообразување на фондовите на политичко-територијалните единици што се основани до донесувањето на овој општествен план со фондовите од иста или слична намена што се основани со овој општествен план.

8. Се овластува Сојузниот извршен совет да може со цел на обезбедување стабилноста на пазарот да донесува прописи за ограничување и усмерување употребата на средствата од фондовите на политичко-територијалните единици и од фондовите на стопанските организации.

9. Со цел да се обезбедат средства за станбена изградба на рудниците на јаглен, Сојузниот извршен совет може да донесе прописи за употребата на средствата од општинскиот фонд за станбена изградба што произлегуваат од придонесите за станбена изградба уплатени од страна на рудниците на јаглен. За иста цел Сојузниот извршен совет може да донесе прописи за усмерувањето на трошењето на дел од републичкиот фонд за станбена изградба.

3.

Општ инвестиционен фонд

1. Средствата на Општиот инвестиционен фонд се формираат:

а) од приходите од интересите на основните средства на стопанските организации што ќе бидат уплатени во 1956 година;

б) од приходите од данокот на добивка во височина од 38% од тој данок, а најмногу до износот од 58.400 милиони динари;

в) од приходите од странски средства за инвестиции што ќе бидат остварени во 1956 година, а произлегуваат од заемите и помоштите склучени до 31 декември 1955 година;

г) од приходите од странски средства за инвестиции што ќе бидат остварени во 1956 година, а произлегуваат од репарациите, заемите или помоштите што ќе бидат склучени по 1 јануари 1956 година.

2. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се употребат за инвестиции во областа на индустријата и рударството средства во износ од 82.200 милиони динари.

Од средствата определени за инвестиции во областа на индустријата и рударството Народната банка ќе обезбеди транши за 1956 година за објектите во изградба и за работите во тек за кои во поранешните години е одобрен кредит, како и за одобрување нови инвестициони кредити, и тоа првенствено: за електростопанството, за рудниците на јаглен, за производство и преработка на нафта, за рудниците на обоени метали, за индустријата на вештачки ѓубриња, за унапредување на производството на градежни материјали и на материјали за замена на дрвото.

3. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се употребат за инвестиции во областа на селското стопанство средства во износ од 15.300 милиони динари.

Од средствата определени за инвестиции во областа на селското стопанство Народната банка ќе обезбеди транши за 1956 година за објектите во изградба и за работите во тек за кои во поранешните години е одобрен кредит, како и за одобрување нови инвестициони кредити, и тоа првенствено: за обнова и реконструкција на системите за одводнување, за изградба на ремонтни работилници, на складови за семенски стоки и на сушилници за семенска пченка, за изградба на објекти на селскостопанските добра и на селанските работни задруги, за набавка на земјоделски машини и справи, за зголемување на добиточниот фонд од сопствено производство.

4. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се употребат за инвестиции во областа на градежништвото средства во износ од 3.500 милиони динари.

Од средствата определени за инвестиции во областа на градежништвото Народната банка ќе обезбеди заеми за набавка на опрема во градежништвото, и тоа првенствено: за набавка на механизација за занаетчиски работи, за набавка на железни скелиња и оплата и за набавка на механизација за високоградба.

5. Од средствата на Општиот инвестиционен фонд ќе се употребат за инвестиции во областа на сообраќајот средства во износ од 12.100 милиони динари.

Од средствата определени за инвестиции во областа на сообраќајот Народната банка ќе обезбеди кредитирање односно финансирање на објектите чија изградба е започната во поранешните години, и тоа: за изградба на железничката пруга Ресник—Вреоци, Титоград—Бар и Книн—Задар; за изградба на поморски и речни бродови; за инвестиционите работи на луката Бар и на луката Плоче; за регулационите работи на Дунав; за мостови кај Белград; за уредување на врските за воздушен сообраќај, како и за изработка на проекти и за изведба на други работи на железнички пруги, мостови и патишта; за набавка на камиони-надилници.

6. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се употребат за инвестиции во областа на трговијата, угостителството и туризмот средства во износ од 1.800 милиони динари.

Од средствата определени за инвестиции во областа на трговијата, угостителството и туризмот Народната банка ќе обезбеди заеми првенствено за изградба на објекти и за набавка на опрема за унапредување на прометот на селскостопански про-

изводи; за реконструкции и модернизација на угостителските и туристичките објекти во туристичките места.

7. Од Општиот инвестиционен фонд им се даваат дотации на инвестиционите фондови:

— на НР Македонија 5.800 милиони динари
— на НР Црна Гора 500 милиони динари

Дотациите на републичките инвестициони фондови ќе се употребат првенствено за продолжување работите на објектите чија изградба е започната во 1955 година; за покритие на обврските настанати според прописите за гаранциите и за учеството во инвестициите за кои се одобрени заеми од Општиот инвестиционен фонд, како и за покритие на обврските поради пречекорувањата што ќе настанат во 1956 година над износот на одобрените инвестициони кредити.

Преостанатиот дел од средствата по намирувањето на потребите од горниот став наведените народни републики ќе го употребат за инвестиции во согласност со Сојузниот извршен совет.

Се овластува Сојузниот извршен совет да може да пренесе определен дел средства од Општиот инвестиционен фонд во инвестиционите фондови на НР Македонија и на НР Црна Гора и во согласност со овие републики да ја определи намената за нивно користење.

Ануитетите по заемите дадени според претходните ставови како и ануитетите по досегашните заеми дадени од страна на федерацијата почнувајќи од 1953 година за инвестиции на подрачјето на тие републики, ќе се уплатуваат во инвестиционите фондови на народните републики.

8. Од Општиот инвестиционен фонд ќе се употреби за дотации на инвестиционите фондови на:

— околијата Белград 2.000 милиони динари
— околијата Копер 1.000 милиони динари
— општината Бује 800 милиони динари
— општината Задар 400 милиони динари

Дотациите определени за инвестициониот фонд на околијата Белград ќе се употребат за комунална изградба на градот Белград; дотациите определени за инвестициониот фонд на околијата Копер ќе се употребат за продолжување на изградбата на фабриката за мотори и скутери „Томос" и за продолжување на изградбата на патот Сежана—Копер; дотациите определени за инвестициониот фонд на општината Бује ќе се употребат за продолжување на изградбата на фабриката за цемент во Умаг; дотациите определени за општинскиот инвестиционен фонд на град Задар ќе се употребат за стопанска изградба и за комунални потреби на градот Задар.

9. Се овластува Сојузниот извршен совет да ја определи намената и начинот за употреба на средствата од Општиот инвестиционен фонд како и начинот и рамките на кредитирањето за одделни намени и објекти и височината на траншите во 1956 година за одделните објекти за чија изградба се определени кредити во поранешните години.

10. Сојузниот извршен совет може да одлучи да не се врши натамошно финансирање на инвестициите по заемите од Општиот инвестиционен фонд во случаите:

а) ако заемот се однесува на објектите чија изградба уште не започнала, односно за која не се обезбедени средства со овој план;

б) ако заемот се однесува на инвестиционите работи кои не се од непосредно влијание врз изградбата на производните капацитети предвидени во [illegible] на Народната банка, како и врз изградбата на [illegible] кои не се неопходно потребни за [illegible] биланси на земјата во 1956 и 1957 година;

в) ако заемот се однесува на инвестициите чие натамошно финансирање може да се врши од инвестиционите фондови на народните републики, на околиите и на општините или од средствата на стопанските организации.

Се овластува Сојузниот извршен совет да донесе одлука за ревизија на договорите меѓу Народната банка и инвеститорите во случаите од претходниот став.

11. Максималните срокови за отплата на заемите за инвестиции што се определени во точката 11 Главата XV од Сојузниот општествен план за 1955 година остануваат и натаму во сила, со тоа што се определуваат максималните срокови за отплата на заемите и:

— за изградба на тролејбуска мрежа 25 години
— за изградба на водоводна мрежа 50 години

Се овластува Сојузниот извршен совет да ги определува сроковите за отплата на заемите што се одобруваат за други намени и интересната норма за заемите што се даваат вон конкурс.

4.

Инвестициони фондови на народните републики и на автономните единици

Средствата на републичките инвестициони фондови и на инвестиционите фондови на автономните единици се формираат од дел од средствата на околиските инвестициони фондови.

Народните републики ќе донесат прописи со кои ќе се укинат досегашните републички инвестициони фондови и ќе ги пренесат правата, обврските и наличните средства од тие фондови на републичките инвестициони фондови основани со овој општествен план.

5.

Околиски инвестиционен фонд

Средствата на околиските инвестициони фондови се формираат:

а) од делот на добивката на стопанските организации според прописите за расподелба на вкупниот приход на стопанските организации и на овој општествен план;

б) од приходите од земјаринатa која според прописите за расподелба на вкупниот приход и според овој општествен план му припаѓа на околискиот инвестиционен фонд;

в) од делот на данокот на доход од селското стопанство во височина од 15% од овој данок.

Приходите на околиските инвестициони фондови што произлегуваат од наплатената земјарина и од данокот на доход од селското стопанство ќе се употребуваат исклучиво за инвестиции во селското стопанство.

Републичкиот инвестиционен фонд се формира само од делот на средствата формирани според точката а) од овој оддел.

Народните одбори на околиите ќе донесат прописи со кои ќе ги укинат досегашните околиски инвестициони фондови и ќе ги пренесат правата, обврските и наличните средства од тие фондови на околиските фондови основани со овој општествен план.

6.

Општински инвестиционен фонд

Средствата на општинските инвестициони фондови се формираат од:

а) интересот на основните средства на комуналните претпријатија;

б) 50% од средствата за самостојно располагање на трговските претпријатија и дуќани;

в) 55% од општинските локални даноци на приходи од селското стопанство;

г) 45% од приходите од таксите на орудија за производство (на казани за печење ракија, на вршалки, воденици и мелници), на хибридни лозја како и од таксата на мелење според важечките прописи;

д) од другите приходи определени со посебни сојузни прописи.

Средствата на инвестиционите фондови на општината што произлегуваат од уплатата на 50% од средствата за сомостојно располагање на трговските претпријатија и дуќани ќе се употребат исклучиво за давање заеми за инвестиции во трговијата.

Средствата на инвестиционите фондови на општината што произлегуваат од уплатата на 55% од задолжителниот општински локален данок и на 45% од таксата ќе се употребуваат исклучиво за инвестиции за унапредување на стопанството на селото во подрачјето на општината.

Народните одбори на општините ќе донесат прописи со кои ќе ги укинат досегашните општински инвестициони фондови и ќе ги пренесат правата, обврските и наличните средства од тие фондови на општинските фондови основани со овој општествен план.

7.

Фондови за унапредување на селското стопанство

Средствата на сојузниот фонд за унапредување на селското стопанство се формираат од данокот на добивка во височина од 1.5% од тој данок. Расходите на овој фонд не можат да бидат поголеми од 2.300 милиони динари.

Средствата на републичките фондови за унапредување на селското стопанство и на фондовите за унапредување на селското стопанство на автономните единици се формираат од делот на данокот на доход од селското стопанство што се определува со републичкиот општествен план, а кој не може да биде помал од 6% од тој данок.

Околиските фондови за унапредување на селското стопанство се формираат од:

а) 55% од приходите од таксите на орудија за производство (на казани за печење ракија, на вршалки, на воденици и мелници), на хибридни лозја и на мелење;

б) од приходите од таксите на работен добиток и на жоботни.

Приходите на околискиот фонд за унапредување на селското стопанство означени под точ. б) ќе се употребуваат исклучиво за преземање ветеринарно-санитарни мерки со цел да се отстранат заразните и паразитарните болести на домашните животни.

8.

Фондови за унапредување на шумарството

Средствата на републичките фондови и на фондовите на автономните единици за унапредување на шумарството се формираат од делот на средствата на околиските фондови за унапредување на шумарството кој се утврдува со републичкиот општествен план и со општествениот план на автономните единици во процент од вкупните приходи на околиските фондови за унапредување на шумарството.

Околискиот фонд за унапредување на шумарството, се формира:

а) од цената на дрвото на пењушка, а најмалу 40% од таа цена;

б) од надоместокот наплатен за шумски штети;

в) од таксите што ги плаќаат приватни сопственици и задругите за сечење дрва во приватни односно задружни шуми, а што ќе ги пропишат народните републики;

г) од датациите од државните органи и од општествените организации, како и од средствата дадени од страна на стопанските организации заради вршење пошумување, мелиорации и сл.

Приходите на околискиот фонд за унапредување на шумарството определени во претходниот став должни се да ги уплатуваат во истиот фонд сите шумски стопанства од подрачјето на околијата, без оглед на тоа дали тие стопанства се основани како претпријатија или како установи со самостојно финансирање.

9.

Патишни фондови

Народните републики, околиите и општините ќе основат патишни фондови.

Средствата на патишните фондови се формираат:

а) од таксите (државни и општински) што се плаќаат на моторни и запрежни патни возила според прописите за таксите;

б) од данокот на промет на транспортни услуги на приватни сопственици на патни возила;

в) од приходите за продадена трева, овошје и дрвја од земјиштето што му припаѓа на патот;

г) од приходите од наплатените парични казни поради повреда на сообраќајните прописи што ги изрекнуваат надлежните органи.

Расподелбата на приходите од претходниот став на републичките, околиските и општинските фондови се врши со републичкиот општествен план, со тоа од приходите од таксите на запрежните патни возила да мора да се определи најмалу 30% како приход на општинскиот патишен фонд.

Средствата на патишните фондови ќе се употребат за инвестициони и текушто одржување и модернизација на патиштата, освен средствата на општинските патишни фондови што произлегуваат од месниот самопридонес а кои можат да се употребат за реконструкција на наличните и за градење на нови патишта од IV ред, како и на приклучоци на овие патишта.

10.

Водни фондови

Се основаат сојузен воден фонд, републички водни фондови и околиски водни фондови со цел за обезбедување средства за уредување на водните текови на реките и за заштита од поплави.

Сојузниот воден фонд се формира од данокот на добивка во височина од 1% од тој данок.

Расходите на овој фонд не можат да бидат поголеми од 1.500 милиони динари.

11.

Фонд за истражувачки работи

Средствата на сојузниот фонд за истражувачки работи се формираат од данокот на добивка во височина од 3,2% од тој данок. Расходите на овој фонд не можат да бидат поголеми од 5.000 милиони динари.

Средствата на овој фонд ќе се употребат првенствено за истражувачки работи за нафта, за рударски, геолошки, технолошки и научно-истражувачки работи на металите, неметалите, јагленот и на преработката на јагленот.

12.

Фонд за регреси и дотации

Средствата на сојузниот фонд за регреси и дотации се формираат од данокот на добивка во височина од 14,8% од тој данок.

Средствата на овој фонд ќе се употребат за:

(во милиони динари)

I. Регреси		21.110
а) во селското стопанство	17.360	
б) за јаглен за широка потрошувачка	2.750	
в) во прехранбената индустрија — за набавка на шеќер и амбалажа по намалени цени	1.000	
II. Дотации		1.655
а) на речниот сообраќај	55	
б) на воздушниот сообраќај	600	
в) на поморскиот сообраќај	1.000	
Вкупно:		22.765

Регресите и дотациите ќе се даваат во височината и на начинот што се определени со посебни прописи на Сојузниот извршен совет.

13.

Фонд на разликата во цените

Средствата на сојузниот фонд на разликата во цените при работењето со странство се формираат од уплатите на позитивните разлики во цените при работењето со странство, како и од другите приходи од надворешнотрговското работење што ќе ги определи Сојузниот извршен совет. Средствата на овој фонд ќе се употребат за плаќање на негативните разлики во цените настанати при работењето со странство.

Уплатите на позитивните разлики и исплатите на негативните разлики се вршат според посебните прописи што ги донесува Сојузниот извршен совет.

14.

Фондови за унапредување на индустријата, на градежништвото и на надворешната трговија и фондови за кадри во стопанството

Средствата на фондовите за унапредување на индустријата и градежништвото, на фондот за унапредување на надворешната трговија, како и на фондовите за кадри во стопанството се формираат од придонесот на стопанските организации чија височина ја определува Сојузниот извршен совет со посебни прописи.

Средствата од овие фондови ќе се употребуваат според наличните прописи.

15.

Фонд на обртните средства

Приходите од интересот на обртните средства и сите нераспоредени сојузни приходи се внесуваат во фондот на обртните средства во стопанството.

Се овластува Сојузниот извршен совет да донесе прописи за употреба на средствата од претходниот став.

ГЛАВА XXVI

ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА

1.

Вишоците на остварените приходи над извршените расходи по буџетите на народните републики, на автономните единици, на околиите и општините за 1955 година ќе се употребат првенствено за намирување на обврските на овие политичко-територијални единици спрема федерацијата и Народната банка настанати врз основа на важечките сојузни прописи.

По намирувањето на обврските спрема федерацијата и Народната банка, политичко-територијалните единици од остатокот на вишоците од претходниот став ќе им обезбедат обртни средства на установите со самостојно финансирање.

По намирувањето на обврските спрема федерацијата, спрема Народната банка и по формирањето на обртните средства на установите со самостојно финансирање, остатокот од непотрошените средства ќе се внесе во буџетската резерва на тие политичко-територијални единици.

2.

Средствата на задолжителните резерви формирани во 1955 година врз основа на Главата XXIV од Сојузниот општествен план за 1955 година ќе ги внесат народните републики, автономните единици, околиите и општините во своите буџетски резерви.

Употребата на средствата внесени во буџетските резерви според претходниот оддел и претходниот став од овој оддел ќе ја пропише Сојузниот извршен совет. До донесувањето на овие прописи овие средства не можат да се трошат.

3.

Како вишоци на остварените приходи над извршените расходи по буџетите на народните републики, на автономните единици, на околиите и на општините за 1955 година се сметаат покрај вишоците на остварените приходи според одделот 1 и сите оние приходи што произлегуваат од обврските на стопанските организации во 1955 година спрема буџетите на наведените политичко-територијални единици, а кои се уплатуваат по 29 февруари 1956 година.

Сојузниот извршен совет ќе донесе посебни прописи за употреба на средствата од претходниот став. До донесувањето на прописите на Сојузниот извршен совет овие средства не можат да се трошат.

4.

Средствата за задолжителните резерви формирани во 1955 година врз основа на Главата XXIV од Сојузниот општествен план за 1955 година кај стопанските организации и установите со самостојно финансирање и кај другите органи не можат да се трошат ниту во 1956 година.

ГЛАВА XXVII

СОЈУЗЕН БУЏЕТ И РЕЗЕРВИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1.

Расходите на сојузниот буџет изнесуваат во милиони динари:

Народната одбрана (без инвестициите во индустриските претпријатија што произведуваат за потребите на ЈНА)		158.500
дотации:		6.230
на НР Македонија	2.650	
на НР Црна Гора	3.580	
Другите расходи на сојузниот буџет		47.700
Вкупно:		212.500

Од вкупните сојузни приходи, на сојузниот буџет му припаѓа:

100% од данокот на промет;

85% од придонесот за буџетите од добивката;

100% од царините;

100% од сопствените приходи на органите и установите што се финансираат од буџетот.

2.

Резервите на федерацијата во 1956 година изнесуваат 10.000 милиони динари.

Од данокот на добивка се издвојува за резервите на федерацијата 6,8%, а најмногу до износот од 10.000 милиони динари.

Сојузниот извршен совет располага со резервите на федерацијата од претходните ставови.

Сојузниот извршен совет во текот на годината ќе врши ускладување на притечувањето и на трошењето на средствата од фондовите.

ГЛАВА XXVIII

1.

Се овластува Сојузниот извршен совет да го пропише начинот за пресметување и расподелба на вкупниот приход на стопанските организации со примена на инструментите и марките од овој план за периодот од 1 јануари 1956 година до денот на неговото влегување во сила.

Сојузниот извршен совет ќе донесе, согласно одредбите од овој општествен план, прописи за уплатите на приходите на буџетот и фондовите што се извршени од 1 јануари до 31 март 1956 година, а по потреба и прописи за времено финансирање на фондовите основани со овој општествен план до донесувањето на општествените планови на политичко-територијалните единици.

2.

Овој општествен план важи од 1 јануари 1956 година.

136.

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА (СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ) ЗА 1956 ГОДИНА

Врз основа на членот 71 точка 2 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство на Федеративна Народна Република Југославија и за сојузните органи на власта, се прогласува Буџетот на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузниот буџет) за 1956 година со Законот за буџетот на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузниот буџет) за 1956 година, што го усвои Сојузната народна скупштина на седницата на Сојузниот собор од 27 март 1956 година и на седницата на Соборот на производителите од 27 март 1956 година.

ПР бр. 5
28 март 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната народна скупштина,
Моша Пијаде, с. р.

ЗАКОН

ЗА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА (СОЈУЗНИОТ БУЏЕТ) ЗА 1956 ГОДИНА

Член 1

Сојузниот буџет за 1956 година со одделните прилози ги содржи:

I Сојузниот буџет:

со приходи од — — —	Динари	212.500.000.000
со расходи од — — —	Динари	212.500.000.000

II Претсметките на установите со самостојно финансирање:

со приходи од — — — —	Динари	2.933,187.000
со расходи од — — — —	Динари	3.347,423.000
и со вишок на расходите од	Динари	414,236.000

III Претсметките на посебните фондови:

со приходи од — — — —	Динари	230,000.000
со расходи од — — — —	Динари	230.000.000

Член 2

Вишоците на расходите во претсметките на установите со самостојно финансирање во вкупен износ од Динари 414,236,000 се покриваат со дотации од сојузниот буџет.

Член 3

Од предвидениот вишок на приходите во претсметката на Југословенската лотарија во вкупен износ од Динари 360,926.000 се распределуваат на општествените организации:

на Советот на друштвата за грижи за децата и младината на Југославија — — — —	Динари	38,092.600
на Југословенскиот Црвен крст	Динари	60,948.160
на Сојузот на воените инвалиди од војните на Југославија	Динари	64,757.420
на Сојузот на глувите на Југославија — — — — — —	Динари	64,757.420
на Сојузот на слепите на Југославија — — — — — —	Динари	68,566.680
на Сојузот на борците од Народноослободителната војна —	Динари	83,803.720

Член 4

Установите со самостојно финансирање, што во текот на 1956 година со успешно организираното работење ќе остварат вишок на сопствените приходи над планираните, ќе внесат во своите фондови, во смисла на чл. 5 и 7 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање, од тој остварен вишок:

во фондот за наградување:

Југословенската лотарија — — — —	3%
Телеграфската агенција Нова Југославија	15%
Југословенскиот центар за техничка и научна документација — — — —	10%
Заводот за училишна опрема — — —	20%
Институтот за млекарство — — — —	10%

во фондот за замена и дополнување:

Југословенската лотарија — — — — —	37%
Телеграфската агенција Нова Југославија	85%
Југословенскиот центар за техничка и научна документација — — — —	90%
Заводот за училишна опрема — — —	80%
Институтот за млекарство — — — —	90%

во резервниот фонд:

Југословенската лотарија — — — —	60%

Расподелбата на вишокот на приходите кој установата со самостојно финансирање не ќе го оствари на начинот предвиден во првиот став од овој член ќе се изврши со Законот за завршната сметка на ФНРЈ за 1956 година.

Член 5

Се овластува Сојузниот извршен совет, расходите предвидени во претсметките на сојузните органи и установи, кои во смисла на одредбите од Законот за сојузните органи на управата се укинуваат или се реорганизираат, да ги распореди на сојузните државни органи и установи кои со тој закон се основаат.

Утврдените претсметки за овие органи Сојузниот извршен совет ќе им ги поднесе на одобрение на одборите за буџет на домовите на Сојузната народна скупштина.

Се овластува Сојузниот извршен совет согласно со одредбите од Законот за сојузните органи на управата да ги измени називите на одделните раздели односно глави во посебниот дел на Сојузниот буџет за 1956 година.

Член 6

Приходите што единиците и установите на Југословенската народна армија ги остваруваат со продажба на материјали од запаси, со наплата на утрошениот материјал при вршењето услуги на трети лица, со наплата на услуги околу лекувањето и негата на граѓански лица во воените болници и лекувалишта и со наплата на надоместок за упропастените или оштетените материјални средства ќе се употребат исклучиво за обнова на соодветните материјални запаси на Југословенската народна армија.

Поблиски прописи за формирањето и начинот на употребата на овие средства ќе донесе Сојузниот извршен совет.

Член 7

Средствата што надлежните заводи за социјално осигурување во смисла на чл. 24, 26 и 29 од Законот за здравственото осигурување на работниците и службениците ги враќаат во корист на одделни позиции за лични расходи во претсметките на сојузните органи и установите не можат да се користат без согласност од сојузниот државен секретар за работи на финансиите.

Член 8

На товар на партиите и позициите за функционални расходи по претсметките на државните

ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

— на Сојузниот буџет —

ПРИХОДИ		РАСХОДИ		
Приходи од стопанството	208.850.000.000.—	I Расходи на сојузните органи и установи		
Приходи од сојузните органи и установи	2.730.000.000.—	— Расходи за нестопански инвестиции на сојузните органи и установи	4.000.000.000.—	
Други приходи	920.000.000.—	— Лични, оперативни и функционални расходи на сојузните органи и установи .	11.659,980.000.—	
		— Инвалидски придонеси	10.986,000.000.—	
		— Дотации за установите со самостојно финансирање	266,636.000.—	
		— Дотации за општествените организации и за разни установи	763,894.000.—	
		— Буџетски обврски од поранешните години	243.490.000.—	
		— Надоместок за национализираниот имот по земјата	30,000.000.—	
		— Буџетски резервен фонд	3.000,000.000.—	30.970,000.000.—
		II Расходи за народна одбрана		158.500,000.000.—
		III Дотации за народните републики		
		НР Македонија	2.650,000.000.—	
		НР Црна Гора . . .	3.580,000.000.—	6.230,000.000.—
		IV Обврски на државата		
		— Обврски по внатрешните заеми . . .	2.100,000.000.—	
		— Обврски по странските заеми и за национализираниот странски имот . . .	14.700,000.000.—	16.800,000.000.—
Вкупни приходи:	212 500.000.000.—	Вкупни приходи:		212.500,000.000.—

УСТАНОВИ СО САМОСТОЈНО ФИНАНСИРАЊЕ

		Приходи	Расходи		Дотација		
			редовни	инвестициони	за покривање вишокот на расходите над приходите	за покривање инвестиционите расходи	Вкупно дотации
1	Југословенска лотарија — —	2.248,000.000	2.248,000.000	—	—	—	—
2	Лексикографски завод — —	213,067.000	331,627.000	—	117,660.000	—	117,660.000
3	„Танјуг“ — — — — — — — —	197.020.000	225,823.000	7,300.000	36,103.000	—	36.103.000
4	Југословенски центар за техничка и научна документација — — — — — —	22,500.000	72,038.000	—	49,538.000	—	49,538.000
5	Филмски новости — — — —	26,000.000	60,328.000	24,800.000	34,328.000	24,800.000	59,128.000
6	Центар за оспособување инвалиди — — — — — — — —	31,281.000	33,214.000	74,800.000	1,933.000	74,800.000	76,733.000
7	Болница „Др Драгиша Мишовиќ“ — — — — — — — —	91,860.000	120,503.000	28,000.000	28,643.000	28,000.000	56,643.000
8	Лекувалиште за туберкулоза „Похорски двор“ — — —	68,514.000	68,514.000	—	—	—	—
9	Поликлиника на Сојузниот државен секретаријат за внатрешни работи — — —	18,345.000	22,523.000	—	4,178.000	—	4,178.000
10	Завод за школска опрема, Загреб — — — — — — — —	12,700.000	19,784.000	—	7,084.000	—	7,084.000
11	Институт за млекарство —	3,000.000	10,169.000	—	7,169.000	—	7,169.000
	Вкупно:	**2.933,187.000**	**3.212,523.000**	**134,900.000**	**286,636.000**	**127,600.000**	**414,236.000**

ОДДЕЛНИ ФОНДОВИ

	Приходи	Расходи	Дотација
1) Фонд за унапредување на службата на царинска контрола — Царинскиот фонд	230.000.000	230,000.000	
Вкупно:	**230,000.000**	**230,000.000**	

органи и установи не можат да се вршат расходи што имаат во претсметката соодветни позиции во личните и оперативните расходи.

Член 9

Кредитите предвидени за исплата на хонорари и посебни додатоци во претсметките на сојузните органи и установи не можат да се зголемуваат со вирман.

Член 10

На товар на кредитите предвидени во претсметките на сојузните органи и установи за плаќање придонес за социјално осигурување не можат да се зголемуваат со вирман кредитите одобрени за исплата на личните расходи.

Член 11

Нови назначувања кај сојузните органи и установи, доколку во претсметките за таа цел не се обезбедени потребни финансиски средства, можат да се вршат само со претходна согласност од Сојузниот извршен совет.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а важи од 1 јануари 1956 година.

137.

Врз основа на чл. 4 од Уредбата за кредитите за обртни средства и други краткорочни кредити („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/54, 32/54, 54/54, 14/55 и 54/55), во врска со точ. 8 од Одлуката за депонирање гарантни износи од страна на стопанските организации по кредитите за дополнителните обртни средства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/55), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НЕКОИ КАТЕГОРИИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОБВРСКАТА ЗА ДЕПОНИРАЊЕ ГАРАНТНИ ИЗНОСИ ПО КРЕДИТИТЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ОБРТНИ СРЕДСТВА

1. Во Одлуката за ослободување некои категории стопански организации од обврската за депонирање гарантни износи по кредитите за дополнителните обртни средства („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/55) на крајот на точката I се додава нова одредба под 18, која гласи:

„18) стопанските организации на црната металургија и машиноградбата по кредитите за дополнителните обртни средства за покритие на запасите на готови производи над нормалата."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 103
24 март 1956 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува Секретарот, **Мома Марковиќ**, с. р. Потпретседател, **Светозар Вукмановиќ**, с. р.

138.

Врз основа на чл. 38 и 40 од Основниот закон за издавачките претпријатија и издавачките установи и чл. 2, 10 и 37 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/53), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ПУБЛИЦИСТИЧКО-ИЗДАВАЧКИОТ ЗАВОД „ЈУГОСЛАВИЈА"

I. Публицистичко-издавачкиот завод „Југославија" (во натамошниот текст: Завод), основан со решението на Сојузниот извршен совет бр. 4760 од 20 IV 1953 година, ја продолжува работата како установа со самостојно финансирање.

Седиштето на Заводот е во Белград.

II. Задачата на Заводот е:

1) издавање постојани и повремени публикации, на странски и наши језици, од сите области на општествениот, политичкиот, стопанскиот и културниот живот на Југославија;

2) соработување со органите и установите што издаваат публикации наменети за странство;

3) одржување врски со сродни странски установи и претпријатија;

4) грижа за организирање дистрибуција на домашни публикации во странство.

III. Имотот што му е даден на управување на Заводот се состои од основни средства и од инвентар.

IV. Со Заводот управува управен одбор. Начинот на формирање и составот на управниот одбор се определува со правилата на Заводот.

Управниот одбор ги врши и правата и должностите што според Основниот закон за издавачките претпријатија и издавачките установи му припаѓаат на издавачкиот совет.

Директорот на Заводот по својата положба е член на управниот одбор.

V. Директорот на Заводот го назначува Сојузниот извршен совет.

VI. Заводот има резервен фонд и фонд за наградување на службениците и работниците.

VII. Правата и должностите што му припаѓаат на државниот орган надлежен за работите и задачите на установата ги врши спрема Заводот Секретаријатот за информации на Сојузниот извршен совет.

Секретаријатот за информации може на Заводот да му стави во задача извршување на определени работи.

VIII. До донесувањето на правилата на Заводот, составот и бројот на членовите на управниот одбор го определува Сојузниот извршен совет со решение за именување членови на управниот одбор.

IX. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 22 март 1956 година.

Р. п. бр. 105
27 март 1956 година
Белград

Сојузен извршен совет

Го заменува секретарот, **Мома Марковиќ**, с. р. Потпретседател, **Едвард Кардељ**, с. р.

139.

Врз основа на точ. 1 од Одлуката за овластување директорот на Управата за поморство и речен сообраќај да пропишува мерки потребни за осигурување безбедноста на пловидбата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/55), издавам

НАРЕДБА

ЗА МИНУВАЊЕТО НА БРОДОВИ НИЗ КАНАЛОТ СВ. АНТЕ ПРЕД ШИБЕНИК

1. Минувањето на бродови низ каналот Св. Анте пред Шибеник се врши според одредбите на оваа наредба.

2. Границите на каналот Св. Анте пред Шибеник во смисла на оваа наредба, се:

а) од надворешната страна — спојницата на поморскиот светилник „Јадрија" со крајбрежното светло на плиткото „Рочни";

б) од внатрешната страна — спојницата на крајбрежното светло на плиткото „Паклена" со ѕидот „Мартинска".

3. Бродовите од над 50 БРТ и секое теглиште, без обзир на големината и јачината на теглачот и на тегленото брод, смеат да минат низ каналот само кога сигналната станица по нивно барање ќе го дозволи минувањето низ каналот и со сигнал пропишан со оваа наредба означи дека минувањето низ каналот е слободно.

Бродовите до 50 БРТ заклучно и чамците можат да минуваат низ каналот секогаш и без барање претходна дозвола и добивање каков и да е знак за минување.

Не се смета како теглиште во смисла на оваа наредба теглиштето кому што тегленото објект е бродски чамец.

4. Бродот што според ст. 1 од претходната точка е должен да бара дозвола за влегување во каналот, мора да ја бара со следните сигнали:

а) дење — со сигнално знаме „Z" од меѓународниот сигнален кодекс;

б) ноќе — со бело светло над црвеното.

Сигналите мораат да се истакнат:

а) при намеруваното впловување во каналот — на 10 минути пред доаѓањето пред влезот во каналот Св. Анте;

б) при намеруваното испловување од шибенската лука — на 10 минути пред отпуштањето на последната приврска.

Ако сигналната станица подолго време не одговара на сигналот, бродот може да го побрза одговорот давајќи со бродска пишталка или сирена два долги и два куси знаци (знак „Z" од Морзеовиот алфабет).

5. Пропишаните сигнали дали минувањето низ каналот е слободно или не е, ги даваат две сигнални станици, и тоа:

а) станицата на тврдината Св. Никола, што се наоѓа на југоисточната страна од надворешниот влез во каналот;

б) станицата на тврдината Св. Ана, што се наоѓа над Шибеник.

6. Сигналната станица на тврдината Св. Никола им означува на бродовите што влегуваат во шибенската лука, а сигналната станица на тврдината Св. Ана на оние што излегуваат од шибенската лука, дали минувањето низ каналот е слободно или не е со следните сигнали, и тоа:

а) дека минувањето е слободно:

дење — две црни топки, една над друга;

ноќе — две зелени светла, едно над друго;

б) дека минувањето не е слободно:

дење — црвен чун со врвот свртен нагоре;

ноќе — два црвени светла, едно над друго.

Ако станицата не истакне никаков сигнал, се смета дека минувањето не е слободно.

7. Бродовите до 50 БРТ заклучно и чамците мораат низ каналот да возат по својата десна страна на каналот. Овие бродови и чамци се должни при минувањето низ каналот да им се тргнуваат од патот на бродовите од точ. 3 ст. 1 на оваа наредба и да им оставуваат на влезот во каналот односно на излезот од каналот слободен пруод.

Ако бродовите од точ. 3 ст. 1 на оваа наредба сметаат дека бродовите од ст. 2 на истата точка не постапиле според одредбата на претходниот став, мораат да им обрнат внимание на тоа со најмалку 4 куси брзи звучни сигнали.

8. Бродовите во каналот, освен во случаите на нужда и потреба од сигурно маневрирање, не смеат да возат со брзина поголема од 6 јазли на час, односно тој со толкава ако со таква брзина би создавале бранови и би можеле да предизвикаат штета на пловните објекти во каналот.

9. Рибарските чамци во каналот и во неговите пристани смеат да светат само со засолнето светло така што со своите светла да не им попречуваат добра и слободна видливост на бродовите што влегуваат или минуваат низ каналот. Ако овие чамци со своето светло ја попречуваат видливоста во каналот, должни се на дадениот сигнал од брод, кој се состои од еден долг знак со пишталка, да ги изгаснат или засолнат светлата.

10. Редот на минувањата низ каналот се определува според времето кога е барано минувањето. Предност во редот за влегување во каналот имаат бродовите што веат воено-поморско знаме — ако тоа го бараат воените потреби, како и бродовите на редовните пруги со објавен возен ред — ако ги исполнуваат останатите услови за впловување во луката односно испловување од луката.

11. Забрането е сидрење во каналот, како и пред надворешниот влез во каналот во просторот што е ограничен со паралелите што минуваат низ светлата на Св. Никола и Роженик, како и со меридијанот на светлото Св. Никола и со меридијанот што ја допира најисточната точка од брегот на островото Лупац.

12. За поморски прекршок ќе се казни со парична казна до 10.000 динари:

а) заповедникот односно друго одговорно лице на брод или теглиште (точ. 3 ст. 1 од оваа наредба) што ќе уплови со бродот во каналот без дозвола од сигналната станица;

б) заповедникот на брод односно друго одговорно лице што минувајќи низ каналот ќе постапи спротивно на одредбата од точ. 7 и 8 на оваа наредба;

в) водителот на рибарски чамец односно друго одговорно лице што ќе постапи спротивно на одредбата од точ. 9 на оваа наредба;

г) заповедникот на брод односно друго одговорно лице што минува низ каналот не обзирајќи се на утврдениот ред за минување (точ. 10 од оваа наредба);

д) заповедникот на брод односно друго одговорно лице што сидри брод односно чамец во забранетиот простор, спротивно на одредбата од точ. 11 на оваа наредба.

13. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 1018
21 март 1956 година
Белград

Директор
на Управата за поморство и речен сообраќај,
Мирослав Драгутин, с. р.

140.

Врз основа на точ. 4 од Решението за контрахирање индустриски растенија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/54, 53/54 и 35/55), Здружението на индустријата на уље на Југославија во рамките на Сојузната индустриска комора, во спогодба со Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ и со Сојузот на трговските комори на ФНРЈ, а во согласност со Сојузниот уред за цени, издава

СООПШТЕНИЕ

ЗА НАЈВИСОКИТЕ ДОГОВОРЕНИ ЦЕНИ ЗА РИЦИНУСОВО СЕМЕ И ЗА АФИОНСКО СЕМЕ ОД РОДОТ НА 1956 ГОДИНА

Здружението на индустријата на уље на Југославија во рамките на Сојузната индустриска ко-

мора, Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ и Сојузот на трговските комори на ФНРЈ, на заедничкиот состанок одржан на 5 март 1956 година се спогодија да ги утврдат следниве највисоки цени по кои овластените стопански организации ќе вршат договарање и купување на рицинусово семе и на афионско семе од родот на 1956 година:

	Динари за 1 кг
I. **Рицинусово семе:**	
1) нелупено рицинусово семе —	36
2) лупено рицинусово семе — —	60

Горните цени важат франко откупната станица.

Врз основните цени од динари 36 за 1 кг нелупено и динари 60 за 1 кг лупено рицинусово семе фабриките за масло и стопанските организации овластени за договарање и купување рицинусово семе ќе придадат динари 2 за 1 кг рицинусово семе за унапредување на производството на рицинусово семе, од кој износ фабриката за масло односно стопанската организација може да им дава премии на производителите на рицинусово семе во разни форми и според своите можности.

II. **Афионско семе** — — — — — Динари 60 за 1 кг

Горната цена важи франко откупната станица.

Бр. 3170
6 март 1956 година
Белград

За Здружението на индустријата на уље на Југославија,
Александар Анг'елковик' с. р.

За Сојузната индустриска комора,
инж. **Звонко Морик'**, с. р.

Согласни:

За Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ,
инж. **Војин Поповик'** с. р.

За Сојузот на трговските комори на ФНРЈ,
Риста Бајалски, с. р.

141.

Врз основа на точ. 4 од Решението за контрахирање индустриски растенија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 33/54, 53/54 и 35/55), Здружението на индустријата на вриења на ФНРЈ во рамките на Сојузната индустриска комора, во спогодба со Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ и со Сојузот на трговските комори на ФНРЈ, а по согласноста од Сојузниот уред за цени, издава

СООПШТЕНИЕ

ЗА НАЈВИСОКИТЕ ДОГОВОРЕНИ ЦЕНИ ЗА ЈАР ЈАЧМЕН (ПИВАРСКИ) ОД РОДОТ НА 1956 ГОДИНА

Здружението на индустријата на вриења на ФНРЈ во рамките на Сојузната индустриска комора, Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ и Сојузот на трговските комори на ФНРЈ на заедничкиот состанок одржан на 2 март 1956 година се здоговорија да ги утврдат следниве највисоки цени по кои овластените стопански организации ќе вршат договарање и купување на јар јачмен (пиварски) од родот на 1956 година:

а) за контрахираните количини
на јар јачмен (пиварски) — дин. 34 за 1 кг

Врз оваа основна цена, овластената стопанска организација може да придаде дин. 1 за кг јар јачмен (пиварски), од кој износ стопанската организација може да им дава премии на производителите на јар јачмен (пиварски) во разни форми и според своите можности;

б) за неконтрахирани количини
на јар јачмен (пиварски) — дин. 31 за 1 кг

Горе приведените цени се подразбираат франко магацин, вагон или шлеп по избор на купувачот, за јариот јачмен (пиварски) 65 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистотија, 13% влага и 95% никулчавост.

Ако јариот јачмен (пиварски) има поголема или помала хектолитарска тежина од горе предвидената, цената се наголемува или намалува за 0,5% за секој килограм што ја надминува или не ја достига хектолитарската тежина. Дропките се земаат во обзир.

Ако јариот јачмен (пиварски) има поголем или помал процент уродица, нечистота, влага и никулчавост од горе приведените, цените ќе се намалуваат или наголемуваат во однос 1:1 за процентот што е поголем или помал од предвиденот за уродица и нечистота, влага или никулчавост. Дропките се земаат во обзир. Скршените зрна под половина се сметаат во уродица.

За габичливоста во поголема степен (замачкан и извалкан јачмен и јачмен со јака миризма) ќе се одбива до 3% од цената.

Бр. 3259
2 март 1956 година
Белград

За Здружението на индустријата на вриења на ФНРЈ,
Раде Корковиќ, с. р.

За Сојузната индустриска комора на ФНРЈ,
инж. **Звонко Мориќ**, с. р.

Согласни:

За Сојузот на селскостопанските комори на ФНРЈ,
инж. **Војин Поповиќ**, с. р.

За Сојузот на трговските комори на ФНРЈ,
Риста Бајалски, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст установено е дека во текстот на Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за определување и преводење на пензиите и инвалиднините објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/56, е поткрадната грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ПРЕВОДЕЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ИНВАЛИДНИНИТЕ

Во членот 1 став 2 треба да се уфрлат испуштените зборови: „од селското стопанство" и „а нема на данок подложни приходи од самостојна професионална дејност", така што целиот став 2 да гласи:

„Заштитниот додаток им припаѓа на уживателите на пензија чие домаќинство не се задолжува со данок на доход од селското стопанство или се задолжува со основниот данок на доход од селското стопанство до 50 динари по член на домаќинство, а нема на данок подложни приходи од самостојна професионална дејност или има на данок подложни приходи од самостојна професионална дејност до 250 динари месечно по член на домаќинство."

Од Сојузниот извршен совет, 24 март 1956 година, Белград.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за данокот на доход, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/56, се поткраднати долу приведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ДАНОКОТ НА ДОХОД

1) Во членот 52 треба како став 2 да се уфрлат испуштените зборови: „Во истиот член по зборовите: „нередно или неточно водени" се ставаат зборовите: „или ако книги не се водени".

2) Во членот 54 треба како став 1 да се уфрлат испуштените зборови: „Во ставот 1 точ. 2 по зборовите: „нередно или неточно водени" се ставаат зборовите: „или ако книги не се водени".

Од Сојузниот извршен совет, 23 март 1956 година, Белград.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Уредбата за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет, објавен во „Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/56, се потврдиени долу приведените грешки, те се дава

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

1. Во членот 2 точ. 1, во новиот тар. број 1 по зборовите: „Нафта сирова" треба да се уфрлат и ставените зборови: „домаће производње".

2. Во членот 2 точ. 11, во тар. број 14 точ. 2 по зборовите „морска" треба да се додадат изоставените зборови: „и камена", а место цифрата „6" треба да стои цифра „8".

Од Сојузниот извршен совет, 24 март 1956 година, Белград.

УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 71 точка 4 од Уставниот закон, а на предлог од Државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА ФНРЈ ВО АРГЕНТИНА

I

Славољуб Петровиќ, извонреден пратеник и ополномоштен министер на ФНРЈ во Аргентина, се назначува за извонреден и ополномоштен амбасадор на Федеративна Народна Република Југославија во Аргентина со седиште во Буенос Аирес.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 3
14 март 1956 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 4 од Уредбата за Сојузниот завод за физичка култура („Службен лист на ФНРЈ", бр. 11/56 и точ. 1 под 4 од Одлуката за овластување Координациониот одбор да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет, Координациониот одбор на Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

Се назначува за директор на Сојузниот завод за физичка култура Бранко Полиќ, досегашен директор на Спортскиот институт на Сојузот на спортовите на Југославија.

Б. бр. 1933
14 март 1956 година
Белград

Сојузен извршен совет

Секретар,
Вељко Зековиќ, с. р.

Потпретседател,
Родољуб Чолаковиќ, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 7 од 18 февруари 1956 година објавува:

Уредба за платите на настојниците на зградите;

Уредба за измени и дополненија на Уредбата за помошта на жртвите на фашистичкиот терор и на фамилиите од жртвите на фашистичкиот терор;

Решение за оснивање Институт за градежништво при Градежниот факултет во Белград како установа со самостојно финансирање;

Исправка на Одлуката за определување оквирни тарифни ставови и норми за пропишување на општинските такси и на општинскиот данок на промет;

Во бројот 8 од 20 февруари 1956 година објавува:

Закон за задолжителното учество на граѓаните при отстранување општата опасност.

Во бројот 9 од 25 февруари 1956 година објавува:

Одлука за измени и дополненија на Одлуката за времено финансирање потребите на републичките органи и установи во првото тримесечје на 1956 година;

Одлука за платите на работниците на Картографскиот завод „Геокарта" во Белград;

Уредба за организацијата и работењето на Покраинскиот и на Областниот завод за социјално осигурување;

Решение за именување изборни комисии за раководење со изборите за одборници на народните одбори за околиите: Лозница, Прокупље и Ваљево;

Правила за работа на инвалидско-пензионите комисии.

СОДРЖИНА:

Страна

135. Указ за прогласување на Сојузниот општествен план за 1956 година — — — — 205
Сојузен општествен план за 1956 година — 205
136. Указ за прогласување на Буџетот на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузниот буџет) за 1956 година — — 227
Буџет на Федеративна Народна Република Југославија (Сојузен буџет) за 1956 година 227
137. Одлука за дополнение на Одлуката за ослободување некои категории стопански организации од обврската за депонирање гарантни износи по кредитите за дополнителните обртни средства — — — — — 229
138. Решение за публицистичко-издавачкиот завод „Југославија" — — — — — — 229
139. Наредба за минувањето на бродови низ каналот Св. Анте пред Шибеник — — 229
140. Соопштение за највисоките договорени цени за рицинусово семе и за афионско семе од родот на 1956 година — — — — 230
141. Соопштение за највисоките договорени цени за јар јачмен (пиварски) од родот на 1956 година — — — — — — — — 231
Исправка на Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за определување и преводење на пензиите и инвалиднините — — 231
Исправка на Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за данокот на доход — 231
Исправка на Уредбата за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет 232

Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачко претпријатие — Белград, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевиќа Марка бр. 9. Печат на Белградскиот графички завод, Белград